ООУ „Кирил и Методиј“ – Свети Николе

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## на училиштето за периодот 2017-2019





Септември 2019

***Содржина:***

**_Комисија  и тимови за самоевалуација._**............................................................ ..........................................................................................3
**_1. Организација и реализација на наставата и учењето._**........................................ ......................................................................................5
1.1 *Реализација на наставните планови и програми*...................................... ............................................................................................6
1.2 *Квалитет на наставните планови и програми*........................................ ..........................................................................................7
1.3 *Вонннаставни активности*.......................................................................... ..........................................................................................8
*1.4 Планирање на наставниците*...................................................................... ........................................................................................10
*1.5  Наставен процес*........................................................................................ ........................................................................................11
*1.6  Искуства на учениците од учење*.......................................... ...................................................................................................................13
*1.7 Задоволување на потребите на учениците*............................. ..................................................................................................................14
*1.8 Оценувањето како дел од наставата*...................................... ...................................................................................................................15
*1.9 Севкупна грижа за учениците*................................................. ...................................................................................................................16
*1.10Здравје.* ................................................................................................................................................................................................18
*Резултати*..............................................................................................................................................................................................19
*Анализа на резултатите*.......................................................................................................................................................................21
**_2. Постигања на учениците_**...................................................................................................................................................................22
*2.1 Постигања на учениците*....................................................................................................................................................................23
*2.2 .Задржување и осипување на учениците*...........................................................................................................................................34
*2.3 Повторување на учениците*.................................................................................................................................................................37
*2.4 Следење на напредокот*..........................................................................................................................................................................38
*2.5  Советодавна помош за понатамошно образование на учениците*....................................................................................................39
*Резултати*..............................................................................................................................................................................................42
*Анализа на резултатите*.......................................................................................................................................................................42
**_3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници воспитувачи и раководен кадар._** ...............................................................43
*3.1 Обезбедување на потребниот наставен кадар*..................................................................................................................................43
3.2*Следење на развојните потреби на стручните соработници*................ ......................................................................................45
*3.3 Следење на развојните потреби на наставниот кадар*..................... ........................................................................................47
*3.4 Следење на развојните потреби на воспитувачите*......................... ..........................................................................................49
*3.5 Следење на развојните потреби на раководниот кадар*.......... ......................................................................................................51
*Резултати*..............................................................................................................................................................................................53
*Анализа на резултатите*.......................................................................................................................................................................55
**_4. Управување и раководење._**..............................................................................................................................................................54

*4.1 Управување и раководење....55*
*4.2Цели и креирање на училишната политика....60*
*4.3 Развојно планирање....61*
*4.4Сместување и просторни капацитети....62*
*4.5Наставни средства и материјали....63*
*4.6 Финансиско работење во училиштето....64*
*Кои информации се собрани – анализа....64*
*Резултати....68*
*Анализа на резултатите....69*
***5. Комуникациски односи со јавноста*....71**
*5.1 Промовирање на постигањата....72*
*5.2 Наставни планови и програми....73*
*5.3 Воннаставни активности....74*
*Резултати:....75*
*Анализа на резултатите: ....76*
***6. Училишна клима и култура*....77**
*6.1 Училишна клима и односи во училиштето....78*
*6.2 Еднаквост и правичност....82*
*Кои информации се собрани....83*
*Резултати....88*
*Анализа на резултатите....89*
***7. Соработка со родителите и локалната средина*....90**
*7.1 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница....91*
*7.2Известување за напредокот на учениците....93*
*Резултати....94*
*Анализа на резултатите....94*

***ПРИЛОЗИ*....97**

Со одлука на Училишниот одбор при ООУ „Кирил и Методиј“ – Свети Николе, на седницата одржана на ден 20.6.2019 година е формирана комисија за самоевалуација на училиштето во следниов состав:

1. Горица Коцева – предметен наставник
2. Тодорка Ордева – предметен наставник
3. Ружица Атанасова – одделенски наставник
4. Елена Велкова – стручен соработник, педагог
5. Марија Манасова Коцева – родител

Тимовите кои се формирани и работеа по соодветните подрачја се во следниов состав:

| ***Подрачје 1*** | ***Подрачје 2*** | ***Подрачје 3*** | ***Подрачје 4*** |
|---|---|---|---|
| 1. Анастазија Саздова, одговорна за тим<br>2. Фросина Златевска<br>3. Маријана Стројманова<br>4. Лидија Лазева<br>5. Елена Гавевска<br>6. Марија Адраманова, родител | 1. Валерија Ивановска, одговорна за тим<br>2. Светлана Митрушов<br>3. Верка Давчева<br>4. Наташа Трајчева<br>5. Лаура Димитриевска<br>6. Горан Мијалков, родител | 1. Сања Накова, одговорна за тим<br>2. Билјана П. Ладева<br>3. Наташа Бошкова<br>4. Ана Пушкова<br>5. Кате Милошевска<br>6. Елеонора М. Илиева, родител | 1. Јасмина Мишева, одговорна за тим<br>2. Лидија Миланова<br>3. Јасмина Б. Кралева<br>4. Славица Панева<br>5. Драгана Ордева<br>6. Игор Манев, родител |

| ***Подрачје 5*** | ***Подрачје 6*** | ***Подрачје 7*** |
|---|---|---|
| 1. Марија И. Зафирова, одговорна за тим<br>2. Јасмина Тодосовска<br>3. Жаклина Трајанова<br>4. Славица Конева<br>5. Андријана Петрушева<br>6. Александра Симоновска, родител | 1. Снежана Наумова, одговорна за тим<br>2. Лозана Илиева<br>3. Татјана Илијоска<br>4. Весна Кралева<br>5. Соњица Давкова<br>6. Ленче Динушева, родител | 1. Анета Ивановска, одговорна за тим<br>2. Александар Радев<br>3. Соња Андроникова<br>4. Татјана Апостолова<br>5. Катерина Митева<br>6. Владо Јованов, родител |

# 1. Организација и реализација на наставата и учењето

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 1.1 | ***Реализација на наставните планови и програми*** | ➢ Применување годишни програми и создавање визија за она што го посакуваме;<br>➢ Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>➢ Постојат наставни програми со посебни образовни потреби-<br>➢ Избор на наставни програми.<br>➢ Реализација на програми со системска промена; |
| 1.2 | ***Квалитет на наставните планови и програми*** | ➢ Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала;<br>➢ Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>➢ Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување;<br>➢ Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми; |
| 1.3 | ***Воннаставни активности*** | ➢ Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>➢ Опфатеност на учениците со вонnаставните активности;<br>➢ Вклученост на учениците во изборот  и планирањето на работата во воннаставните активности;<br>➢ Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности; |
| 1.4 | ***Планирање на наставниците*** | ➢ Индивидуални планирања на наставнивите<br>➢ Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>➢ Размена на искуства и информации при планирањето<br>➢ Распоред на часови |

| | | |
|---|---|---|
| **1.5** | ***Наставен процес*** | ➢ Наставни форми и методи<br>➢ Избор на задачи,активности и ресурси<br>➢ Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>➢ Приод на наставникот кон учениците<br>➢ Следење на наставниот процес |
| **1.6** | ***Искуства на учениците од учење*** | ➢ Средина за учење<br>➢ Атмосфера за учење<br>➢ Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>➢ Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **1.7** | ***Задоволување на потребите на учениците*** | ➢ Идентификување на образовните потреби на учениците<br>➢ Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **1.8** | ***Оценувањето како дел од наставата*** | ➢ Методи и форми за оценување<br>➢ Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **1.9** | ***Севкупна грижа за учениците*** | ➢ Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>➢ Превенција од насилство<br>➢ Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>➢ Квалитет на достапна храна<br>➢ Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>➢ Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **1.10** | ***Здравје*** | ➢ Хигиена и заштита од болести<br>➢ Грижа за учениците со здравствени проблеми |

| **1.1 *Реализација на наставните планови и програми*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ➢ Применување годишни програми и создавање визија за она што го посакуваме;<br>➢ Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>➢ Постојат наставни програми со посебни образовни потреби;<br>➢ Избор на наставни програми;<br>➢ Реализација на програми со системска промена. |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Наставни планови и програми донесени од МОН на Р Македонија<br>➢ Годишно- тематски планирања на наставниците<br>➢ Интегрирани планирања на наставниците<br>➢ Годишни планирања за работа на активите и слободните активности<br>➢ Годишна програма за работа на училиштето<br>➢ Нормативни акти на училиштето<br>➢ Педагошка евиденција и документација<br>➢ Записници од УО и Совет на родителите<br>➢ Анкета со ученици и родители | Во училиштето, на почетокот на учебната година, на ниво на актив, наставниците врз основа на наставните програми пропишани од Биро за развој на образование и одоберни од Министерство за образование и наука, изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања за работа. Исто така, изготвуваат и планирања за дополнителна и додатана настава,. како и планирања за реализирање на воннаставни активности, слободни ученички активности, планирања за родителски средби.Тука се вклучени и еколошките содржини во планирањата на наставниците согласно еколошката програма, индивидуализирани наставни програми за децата со посебни образовни потреби, изработка на план за личен професионален развој, програма за работа на стручите активи, како и планирања на часовите н а одделенска заедница.<br>При нивната изработка се земаат предвид индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите, во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош, мислење, сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија, афинетет, влијание и можност за подобрување на материјалната основа, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност.<br>Педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето ја следат реализацјата на планираните активности. А тоа подразбира документирање на планирањата на наставниците и сите пропратни документи кои се потребни за успешно планирање на наставниот процес и следење на нивната реализација.Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи, но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на населението.<br>На почетокот на учебната година наставниците ги информираат учениците и родителите со содржината на наставните планови и програми.<br>Училиштето нуди можност родителите да се запознаат со содржините и воспитно-образовните цели кои ќе се реализираат преку родителски средби, индивидуални консултации со родителите. |

| | |
|---|---|
| | Наставниците изработуваат индивидулизирани оперативни планови за ученици со посебни образовни потреби.<br>Наставниците планирањата ги изготвуваат во електронска форма.<br>Педагошко-психолошката служба е служба за поддршка и има советодавна улога во случаи кога тоа е потребно. Наставниците користат современи наставни техники и методи со кои ја поттикнуваат групната работа, како и различните начини на изразување на способностите, креативноста и потенцијалите на учениците.<br>Негувањето на индивидуалниот пристап во наставата, овозможува делумно, наставниците да ги прилагодат наставните планови и нивниот начин на работа во зависност од стилот на учење на учениците<br>Пред почетокот на секоја учебна година учениците и нивните родители имаат можност да изберат еден од трите понудени изборни предмети според наставен план и програма. Со овој начин на избор на предмети се опфатени учениците од трето до деветто одделение, а учениците од шесто одделение имаат можност да направат избор на втор странски јазик. |

| **1.2*Квалитет на наставните планови и програми*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ➢ Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала;<br>➢ Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>➢ Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување;<br>➢ Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми; |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Стручни Активи<br>➢ Нормативни акти на училиштето<br>➢ Записници од активи на наставници<br>➢ Записници од Наставнички совети | Земајќи ја предвид половата и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност, училиштето преку Совет на родители, Училишен одбор и стручните активи планираат активности, ги одобруваат за прибирање и разгледување на мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставници и родители.<br>Локалната средина во одреден дел на наставните програми и наставните помагала учествува во подобрување на наставно – образовниот процес.<br>Во училиштето функционираат активи по сите наставни предмети и по одделенија и истите ги презентираат записниците на одделенски и Наставнички совет.<br>Во училиштето се реализираат наставни часови, предавања, работилници, трибини, анкети, во соработка со со стручни лицаод соодветните инситуции во рамките на локалната самоуправа, преку кои |

| | |
|---|---|
| ➢ Анкети со родители и ученици | се презентираат содржини за меѓуполовите односи, репродуктивно здравје, болестите ХИВ, СИДА и зависноста од дроги,цигари, алкохол, преку одделни содржини по одредени наставни предмети (Биологија, Унапредување на здравјето, Природни науки и Животни вештини).<br>Училиштето реализира образование за човекови права, граѓанско образование и други теми поврзани со општествената проблематика преку одделни содржини по одредени наставни предмети (Историја, Граѓанско образование, Етика, Општество..), работилници преку предметот Животни вештини, предавања, трибини со стручни лица, анкети, исто така училиштето реализира меѓупредметни цели за развивање на самодоверба, самоиницијатива за одговорен пристап за различноста и почитување на основните човекови права,како и јакнење на совеста на учениците за припадност на Република Македонија како мултикултурно општество. |

| **1.3*Воннаставни активности*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ➢ Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>➢ Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>➢ Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;<br>➢ Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности; |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Педагошка евиденција и документација<br>➢ Работа на секциите<br>➢ Програма за дополнителна и додатна настава и СУА<br>➢ Пофалници, дипломи, сертификати<br>➢ Годишна програма за работа<br>➢ Благодарници<br>➢ Анкета со родители и ученици | Најголем дел од анкетираните родители одговориле позитивно по однос на тоа дека училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности, со кои им се дава можност на сите ученици да бидат вклучени, независно од половата, родовата и етничката припадност.Училиштето планира и речиси во целост реализира разновидни воннаставни активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците и истите овозможуваат развој на општествените можности и потреби за учење.<br><br>Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставна активност, во зависност од нивните желби и можности, а со тоа се овозможува етничка, родова и социјална рамноправност.Училиштето обезбедува услови за вклучување на ученици со посебни образовни потреби, како и ученици кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус.<br><br>Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвувањето на воннаставните активности, а наставниците ја имаат советодавната, координативна |

| | |
|---|---|
| | улога.За секоја вонанставна активност определени се одговорни наставници.<br><br>Во училиштето редовно се организираат и реализираат разни активности и хуманитарни акции, Ден на училиштето или други општествени манифестации. Во нашето училиште, во согласност со желбите на учениците и условите за работа, се реализираат следните слободни ученички активности: литературна секција, драмска секција, новинарска секција, ликовна секција, еколошка секција, природните и општествени секции.Училиштето има училишен спортски клуб за корективна гимнастика, ракомет, кошарка и пинг-понг и истиот активно учествува во сите натпревари.Училиштето врши промоција и на активностите за меѓуетничка интеграција, но без партнерско училиште.<br><br>За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат солидни резултати, организирана е додатна настава по сите наставни предмети и научно-истражувачки проекти . Овој вид на настава е подеднакво достапен за сите ученици кои во зависност од своите афинитети вршат соодветен избор.<br>Учеството на учениците во воннаставните активности овозможува поттикнување и негување на нивната љубопитност, способност, креативноста, развивање на натпреварувачкиот дух, почитување на мислењата и ставовите на другите.<br><br>Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на општински,регионални, државни и меѓународни натпревари и манифестации, и со поддршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на општинско,регионално,државно и меѓународно ниво и постигнуваат високи резултати.Училиштето за афирмирање на воннаставните активности ги користи локалните медиуми, Facebook на училиштето,Web-страната на училиштето, а на патрониот празник на училиштето ги промовира и афирмира сите постигања на учениците од натпревари и конкурси преку Катчето на најуспешните.<br><br>Училиштето обезбедува услови за вклучување на учениците со посебни образовни потреби и на учениците од семејства со низок социоекономски статус во воннаставните активности. |

<table>
<tr><th colspan="2">1.4 Планирање на наставниците</th></tr>
<tr><td>Теми:</td><td>➢ Индивидуални планирања на наставнивите<br>➢ Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>➢ Размена на искуства и информации при планирањето<br>➢ Распоред на часови</td></tr>
<tr><td>Извори на податоците:</td><td>Согледувања:</td></tr>
<tr><td>➢ Годишни, тематски планирања и дневна подготовка;<br>➢ Разговор со директор, педагог, наставници;<br>➢ Записници од состаноците на стручните активи;</td><td>За реализација на наставните планови и програми, сите наставници со почетокот на секоја нова учебна година изготвуваат годишни глобални и тематски планирања, како од задолжителната настава, така и од слободните ученички активности, вонннаставните активности, додатната и дополнителната настава, Еко планирања, планирања за активите, планирања за екскурзии, родителските средби, интегрирани планирања и планирања за учениците со тешкотии во учењето. Училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на наставата од страна на директорот и стручната служба, а дневните оперативни планови за наставен час (усогласени со тематските планирања) се следат во текот на годината и при посетите на часови од директорот и стручната служба. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување и нагласени техниките, домашната работа, корелација со други предмети и инструменти преку кои се спроведува оценувањето, ИКТ, еко-стандарди кои се усогласени со тематските планирања и сл. Сите планирања на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата и часот.Предвидените часови со ИКТ во наставата се реализираат најмалку 30% од часовите, согласно насоките дадени од страна на БРО. Во планирањата имплементирани се и содржините од МИО. Сите наставници изработуваат и критериуми за оценување, со што на учениците и родителите им се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност и доследност во оценувањето на учениците.<br><br>Континуирано, во текот на учебната година, стручната служба ги следи и анализира планирањата на наставниците, заради задржување на континуитетот и квалитетот на истите. Забелешките од следењето на наставата, уредно се води во педагошка евиденција, водена од страна на стручната служба. За поефикасно планирање на наставата, училиштето на наставниците им дава стручна поддршка преку едукација на наставниците. Информациите добиени од оценувањето, наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.<br><br>Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно, разменуваат</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и со колеги од истородни предмети од други училишта.<br><br>Распоредот на часови во предметна настава го прави наставник од училиштето, во консултација со стручната служба и наставниците, почитувајќи го интересот на детето и просторниот капацитет на училиштето. Во одделенска настава распоредот на часови го изработуваат одделенските наставници, во соработка со предметните наставници кои предаваат во одделенска настава. Постои распоред за дополнителна и додатна настава и истиот е истакнат на видно место во училиштето и се реализира според предвидената динамика и потребите на учениците. |

| **1.5 *Наставен процес*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ➢ Наставни форми и методи<br>➢ Избор на задачи,активности и ресурси<br>➢ Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>➢ Приод на наставникот кон учениците<br>➢ Следење на наставниот процес |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час;<br>➢ Инструмент за следење на изведбата на наставниот час;<br>➢ Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час;<br>➢ Увид на час;<br>➢ Годишни, тематски, дневни планирања;<br>➢ Годишна програма за работа на директор и педагог; | Во образовниот процес наставниците користат разновидни наставни форми и методи. ( работа во група, индивидуална работа, фронтална и работа во парови ), како и ИКТ во наставата, според дадените можности и капацитети со кои располага училиштето. Овие наставни форми се соодвети на потребите на учениците и нивните стилови на учење.<br><br>Наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација,со тоа што користат добро испланирани наставни методи, како што се: аналитичко – синтетички метод, метод на разговор( дијалошки метод), метод на игра, истражување, набљудување, практична работа, текст-метод, демонстрација, илустративен метод, метод на решавање на проблеми и сл.,за да работат со учениците индивидуално, во мала група или со целата паралелка.<br><br>Наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето, и на |

| | |
|---|---|
| ➢ Сертификација на наставници;<br>➢ Електронски дневник | тој начин поучувањето е јасно и разбирливо и соодветствува со возраста на учениците. Наставниците ја применуваат интерактивната настава, ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат во истата.<br><br>Во училиште и дома, наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат. Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, така што освен одобрените учебници користат и дополнителна литература, соодветна на наставните содржини.<br><br>Учениците постојано се поттикнуваат и мотивираат активно да учествуваат во наставниот процес преку пофалби, разговори. Учењето во училницата е активно, динамично и има работна и стимулирачка атмосфера.<br><br>Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност.<br><br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, која редовно се применува. Секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од директорот и стручната служба. Постои пракса на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес. |

<table>
<tr><th colspan="2">1.6 Искуства на учениците од учење</th></tr>
<tr><td>Теми:</td><td>➢ Средина за учење<br>➢ Атмосфера за учење<br>➢ Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>➢ Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето</td></tr>
<tr><td>Извори на податоците:</td><td>Согледувања:</td></tr>
<tr><td>➢ Анкета за ученици<br>➢ Анкета за родители<br>➢ Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците<br>➢ Програма за работа и извештај на ученичката заедница<br>➢ Кодекс за однесување</td><td>Во училиштето со стимулирачка и поттикнувачка средина, се буди интерес за учење .Изработките на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и во училиштето, согласно со целите на наставата и учењето.<br><br>Начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е применливо и корисно во секојдневието.Наставниците ги поттикнуваат учениците да го искажат своето мислење,да преземат одговорност при решавањето на различни проблеми во и надвор од наставниот процес.<br><br>Постојат и се применуваат различни форми за соработка меѓу учениците кои заеднички работат на проекти во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина.<br><br>Дел од анкетираните ученици и родители се изјасниле дека наставниците користат позитивни приоди (преку пофалби) да ги мотивираат и поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и дека наставниците се однесуваат на начин кој промовира еднаквост, правичност, взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. За време на часот учениците се потикнуваат самостојно и критички да мислат, да прашуваат и изведуваат заклучоци. За време на часот сите ученици активно учествуваат во активностите.<br><br>Учениците активно се вклучени и во реализација на училишниот план на активности на Еко-проектот, чии активности се истакнуваат редовно на еко-табла.<br><br>Поголемиот дел од учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде земено предвид, од страна на наставниците при решавање на проблеми и одлучување.<br><br>Помеѓу учениците и наставниците владеат пријатни односи и заемно почитување.Учениците исто така вредно работат и на проекти како во самата настава, така и надвор од неа, во групи со различен состав и големина.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="2">1.7Задоволување на потребите на учениците</th></tr>
<tr><td>Теми:</td><td>➢ Идентификување на образовните потреби на учениците<br>➢ Почитување на различните потреби на учениците во наставата</td></tr>
<tr><td>Извори на податоците:</td><td>Согледувања:</td></tr>
<tr><td>➢ Анкета за ученици<br>➢ Анкета за родители<br>➢ Разговор со ученичката заедница, наставниците<br>➢ Програма за работа и извештај на ученичката заедница<br>➢ Записници од Одделенски совет, Наставнички совет<br>➢ Записници од совет на родители<br>➢ Увид во евиденцијата на стручната служба<br>➢ Електронски дневник<br>➢ Блог-страна на училиштето</td><td>Од анкетираните ученици и родители најголем број од нив одговориле дека наставниците даваат конкретни информации за постигнувањето на учениците и препораки како ученикот да го постигне својот максимум. Образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик, наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат и ги идентификуваат. Тоа се прави според постигнатите резултати по одреден предмет, прецизни белешки за развојот на децата, проценките на воспитувачите, наставниците, родителите и другарчињата, детските изработки (состави,цртежи и сл.), натпревари и успеси во поедини наставни и воннаставни активности , самопроцена од страна на ученикот и сл. За образовните потреби и проблеми, учениците разговараат со наставниците и стручните соработници, а дискутираат и на ниво на ученичката заедница. Наставниците за образовните потреби и проблеми разговараат на Одделенски совет, Наставнички совет, Совет на родители и на Стручни активи.<br><br>Се преземаат многубројни активности за исполнување на образовните потреби и отстранување на пречките.Образовните потреби на учениците се задоволуваат и преку слободен избор на изборни предмети. Секој ученик има можност да ги истакне своите афинитети, со учество во слободните ученички активности и воннаставните активности. Додатната настава им е овозможена на учениците, кои покажуваат особен интерес, а учениците кои имаат тешкотии во учењето , кои во целост не ги усвоиле содржините за време на редовната настава, посетуваат дополнителна настава .<br><br>Во училиштето има ученици со посебни потреби и со потешкотии во учењето. За тие ученици наставниците изготвуваат индивидуални образовни планови, во соработка со дефектологот, логопедот на училиштето и родителите. Образовните потреби на овие ученици се задоволуваат и преку работатасо училишниот дефектолог, а со учениците кои имаат потешкотии во говорот работи училишниот логопед.<br><br>Поголем дел од наставниците поминаа неколку обуки за унапредување на образовниотпроцес, а дел од наставниците и обука за работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето и истите користат различни техники на поучување и оценување.</td></tr>
</table>

| **1.8 *Оценувањето како дел од наставата*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ➢ Методи и форми за оценување<br>➢ Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Програма за работа на училиштето;<br>➢ Стандарди и критериуми за оценување;<br>➢ Кодекс на оценување;<br>➢ Увид во педагошка евиденција и документација;<br>➢ Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);<br>➢ Примери на оценети ученички трудови;<br>➢ Анкети со ученици и наставници;<br>➢ Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>➢ Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците | Од спроведената анкета, учениците и родителите одговориле дека се запознаени со стандардите и со критериумите за оценување, како и дека наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците.Класниот раководител редовно ги информираат родителите преку евидентен лист за напредокот на ученикот по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на ученикот.Оценувањето на учениците (од прво до трето одделение има описно оценување, четврто, петто и шесто описно и бројчано, а останатите само бројчано)е регулирано според законските прописи.<br>Наставниците континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците, користејќи разни методи и инструменти за оценување. Во процесот на оценувањето се вклучени и учениците преку самооценување, меѓусебно оценување, водење портфолија и слично. Оценувањето е праведно, транспарентно и секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања..<br>Најголемиот број на испитаници од спроведената анкета меѓу наставниците и учениците одговориле дека наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и постигања во наставата и учењето.<br>Наставниците континуирано го следат и евидентираат напредокот на учениците и при тоа употребуваат најразлични инструменти за оценување, со цел да се добијат веродостојни показатели за исправното оценување на учениците, преку усни одговори,наставни ливчиња, вежби, тестови, писмени работи, работни листови, проекти и сл. Оценувањето е во согласност со стандардите и критеримите на оценување дадени од БРО.<br>Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето, за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата. Стручната служба,преку разговори со наставниците и учениците и советодавни разговори со родителите,влијае со препораки за подобрување на успехот кај учениците, кои имаат потешкотии во учењето и постигнуваат послаб успех. |

| **1.9 *Севкупна грижа за учениците*** | |
|---|---|
| ***Тема:*** | ➢ **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди** |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Увид во просторните капацитети на училиштето и дворот<br>➢ Програма за работа на училиштето<br>➢ План за заштита и спасување во училиштето<br>➢ Професионални досиеа<br>➢ Податоци за извршени обуки и симулации | Инфраструктурата во училиштето е безбедна, има пропишани мерки и активности за мерки во текот на наставата, како во училишната зграда така и во дворот. Долгогодишниот проблем со азбестниот покрив е саниран и реконструиран, а реконструирана е фасадата на училиштето, поставена е надградба на заштитната ограда на скалите во училишниот хол. Останатата инфраструктура на училиштето не претставува опасност од повреди на учениците. Струјните кабли се заштитени, штекерите кои не се во употреба се санираат. Скалите и ходниците се чистат за време на часовите, кога нема раздвиженост во холот, за евентуално избегнување на лизгање.<br>Постојат пропишани мерки за заштита и безбедност на учениците и истите училиштето ги реализира. Исто така, има и интерен акт за постапување во случај на пожар и елементарни непогоди, како и план за евакуација кој е прегледноизложен во секоја просторија на училиштето.Мал дел од вработените во училиштето, имаат посетувано обуки за давање на прва помош и заштита, но недостасува опрема за прва помош, а повремено се изведува и симулација за евакуација од евентуални елементарни непогоди, од соодветни служби од локалната заедница. Недостасуваат помошни скали за евакуација, кои се предвидени во планот на училиштето и се чека на нивно поставување, како и знаци за излез ( насока на движење) во случај на елементарна непогода.<br>Секоја година училиштето дава можност, индивидуално,по сопствена проценка, учениците да бидат осигуранисо осигурителна полиса, преку законски избрана осигурителна компанија.Постојат осигурителни полиси и за вработените и за училишниот имот и опрема. |
| ***Тема:*** | ➢ **Превенција од насилство** |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Програма за работа на стручната служба<br>➢ Програма за работа на училиштето<br>➢ Кодекс на однесување на вработените<br>➢ Кодекс на однесување на учениците | Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните, кои се сметаат за психичко и физичко насилство, со особен акцент на облиците на меѓуврсничко насилство. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со евентуалната појава на различните облици на насилство.<br>Вработените постапуваат одговорно и совесно во процесот на заштита на детето и на потребите и грижите на децата, им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. |

| *Тема:* | ➢ **Заштита од пушење, алкохол и дрога** |
|---|---|
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Куќен ред<br>➢ Правилник за организација и систематизација на работата и работните места<br>➢ Извештај на стручните служби за реализирани трибини и работилници.<br>➢ Увид во просториите на училиштето. | Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства – во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични средства. Во соработка со локалната заедница, училиштето зема активно учество за координирање и справување за заштита а учеиците. Во просториите на училиштео има истакнати знаци за забрана за пушење. Се реализираат трибини, работилници, проекти и други активности за штетното дејство на овие супстанци. Отстапките од овие забрани се санкционираат согласно законот за основно образование и законите во Р. Македонија, како и во соработка со институциите од локалната заедница. |
| *Тема:* | ➢ **Кавалитет на достапна храна** |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Податоци за организирана исхрана на учениците<br>➢ Тендер за добавка на храна за училиштето<br>➢ Наставни планови и програми | Во училиштето не се вршидистрибуција на храна за учениците.<br>Преку зацртаните планови и програми во училиштето се води кампања за здрава исхрана, а напоредно со тоа и причините и последиците од неводењето на здрав живот и користење на здрава и свежа храна (овошје и зеленчук). Во рамките на одделенските часови раководителите на паралелките ги запознаваат учениците со последиците од козумирањето на штетна храна. |
| *Тема:* | ➢ **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот** |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Увид во просторните капацитети на училиштето и дворот<br>➢ Програма за работа на училиштето | Училиштето има приспособен пристап за ученици со телесни пречки во развојот, кој се наоѓа на задната врата, но нема пристапност до сите простории во училиштето. |
| *Тема:* | ➢ **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Увид во педагошката евиденција и документација<br>➢ Записници од индивидуални разговори со ученици и родители<br>➢ Досие на ученик<br>➢ Фотографии од реализирани хуманитарни акции | Училиштето се соочува со поголем број на социјално загрозени ученици, дел од нивпочесто отсуствуваат од наставата, а ивите родителите не секогаш се достапни за соработка, со цел да се влијае на незадоволителниот успех и поведение на тие учениците. Училиштето реализира разни активности со хуманитарна цел и собраните средства ги користи за помош на социјално загрозените ученици.<br>Во училиштето се негува хуманоста и солидарноста кон учениците, преку организирање на манифестации со хуманитарен карактер, во соработка со локалните институции и невладиите организации и Црвениот крст, јавни повици за помош на ученици од училиштето и надвор од него.<br>Три години наназад се организира Новогодишен базар во соработка со Славјаски уиверзитет „Гаврило Ромаович Державин“ – Свети Николе, во кој се вклучени учеиците и родителите. |

| **1.10 *Здравје*** | |
|---|---|
| ***Тема:*** | ➢ **Хигиена и заштита од болести** |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Годишна програма за работа на училиштето<br>➢ Куќен ред<br>➢ Правилник за организација и систематизација на работата и работните места<br>➢ Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата<br>➢ Увид во педагошка евиденција и документација<br>➢ Увид во училишниот простор<br>➢ Записници од разговори со родители, наставници и ученици<br>➢ Потврда за извршени санитарни прегледи на вработените | Хигиената во училиштето  редово се одржува на добро ниво. Тоалетите за наставниците и учениците се чисти, во секое време од денот. Ходниците  и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училиштето  се чистат најмалку пред секоја смена, останатиот простор барем еднаш во денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар неколку пати во секое полугодие.  Дворот во училиштето е чист од секакви отпадоци, дел од училишиот двор е тревник, кој редовно се одржува.. Во дворот на училиштето и во секоја училница има корпи за отпадоци.<br><br>Училиштето  во почетокот на учебната година реализира дезинфекција, дератизација и дезинсекција (ДДД) на сите простории во училиштето и подрачното училиште. По потреба, во случаи на епидемии од грип, истото може да се изврши и по повеќе од два пати.При појава на епидемија, училиштето донесува укажување до родителите и наставниците за посебен режим на однесувањеи преземање на превентивни мерки за да се спречи ширењето на болеста во училиштето. Стручната служба, во ваков случај, секој ден ги посетува одделенијата за проверка на евентуално болни и отсутни поради болест.<br><br>Училиштето издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција и лична хигиена. Вработените во училиштето еднаш годишно вршат санитарен преглед. Учениците еднаш годишно посетуваат систематски и стоматолошки преглед и ги примаат сите редовни вакцини.<br>Училиштето има пишан документ- пропишани процедури за грижа на учениците, кои поради посериозни повреди или хронично заболување отсуствуваат од редовната настава, применувајќи ги позитивните законски прописи.<br><br>Согласно воспоставените еко-стадарди се спроведуваат точки на акција за задравјето на учениците, имплементирани во наставните содржини во годишните планирања на наставниците. Содржините се однесуваат на правилна исхрана, начин на собирање на отпад, рециклирање, штедење на вода и електрична енергија. |

| *Тема:* | ➢ **Грижа за учениците со здравствени проблеми** |
|---|---|
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Записници од разговори со родители, наставници и ученици<br>➢ Увид во педагошка евиденција и документација | Училиштето има пишан документ- пропишани процедури за грижа на учениците кои поради посериозни повреди или хронично заболување отсуствуваат од редовната настава применувајќи ги позитивните законски прописи. Процедурите се спроведуваат во практиката со сите ученици кои имаат потреба од таков третман, при тоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции(пр: здравствени установи, центрите за социјална работа).<br><br>За прилагодување на наставните содржини и следење на индивидуалите постигања на учеиците со посебни образовни потреби, минатата година во училиштето се формираше инклузивен тим, составен од дефектолог, педагог, логопед,психолог, социолог, лични асистенти,образовни асистенти, наставници од одделенска и предметна настава.Од оваа година, се планира во инклузивниот тим, за изработка на програма за инклузија на учениците со посебни образовни потреби, да бидат вклучени и родителите. |

***Резултати:***

***Јаки страни***

- Наставата ја реализира соодветен стручен кадар;
- Сите наставници имаат изработено квалитетни годишни глобални и тематски планирања, слободните ученички активности, воннаставните активности, додатната и дополнителната настава, Еко планирања, планирања за активите, планирања за екскурзии, родителските средби, интегрирани планирања и планирања за учениците со тешкотии во учењето;
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи;
- Во училиштето постојат и успешно работат повеќе слободни ученички активности;
- Постои соработка со родителите и локалната средина за успешно реализирање на повеќе наставни и воннаставни активности ;
- Се реализираат проекти кои промовирааттимска работа, истражувачки активности и демократски постапки на однесување на учениците;
- Оптимално се користи постојната стручна литература и материјално-техничките услови за работа;

- Континуирано изработуваат дневни планирања;
- Користат нови методи и техники за поучување на учениците и имаат изградено критериуми, стандарди и иструменти за оценување;
- Стручната подготовка и усовршувањето на наставниците придонесуваат за подобрување на креативното развивање на учениците и нивната мотивираност;
- Училиштето спроведува десеминации од страна на стручната служба во врска со подобрување на инклузијата на учениците со посебни потреби во процесот на образование;
- Родителите редовно и навремено се информират за постигањата на учениците;
- Стратегија за континуирано следење и вреднување на напредокот и постигањата на учениците по пол и етничка припадност.
- Континуирано, интегрирано на часовите, транспарентно и реално оценување на постигањата на учениците според стандарди и критериуми;
- Користење на активни методи и техники на учење и поучување;
- Користење на разни постапки за следење и вреднување (вклучување на учениците во процесот на оценување);
- Редовно информирање на родителите и учениците за постигнатиот успех ( пристап до Е-дневник);
- Реализирање на дополнителна и додатна настава;
- Учество на учениците на училишни , општински, регионални и државни натпревари, конкурси и др.;
- Мал број на ученици кои не ја завршуваат годината;
- Севкупна грижа за сите ученици, без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;
- Ефективна соработка со родителите, учениците и меѓу самите наставници и стручната служба;
- Грижа за здравјето и безбедноста на учениците;
- Навремена детекција на проблемите и потешкотиите со кои се справуваат учениците и соодветно постапување;
- Континуирано следење на напредокот на учениците.

***Слабости***

- Наставниците се недоволно едуцирани за работа со деца со посебниобразовни потреби и потешкотии во учење,кои се вклучени во редовна настава и за изработка на ИОП;
- Недостаток на дефектолошка доквалификација на наставниците, кои реализираат часови во паралелка за деца со посебни образовни потреби;
- Во училиштето недостасуваат противпожарни скали и ознаки, со кои ќе се даде насока за евентуална евакуација;
- Непристапни простории за ученици со телесна попреченост во подрачното училиште;
- Училиштето врши промоција и на активностите за меѓуетничка интеграција, но без партнерско училиште;
- Поради дотраената и оштетена компјутерска технологија, наставниците наидуваат на потешкотии во реализирањето на часовите, во кои има предвидено ИКТ содржини.

***Анализа на резултатите:***

Во нашето училиште успешно се реализираат наставните планови и програми одобрени од МОН со одредени прилагодувања на индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализација на истите.

Сите видови на настава: задолжителна, изборна и слободните ученички активности, како и дополнителната и додатната настава, се квалитетно планирани и реализирани што им дава можност на учениците активно да се вклучат во нивна реализација, без разлика на полот, етничата припадност и разликите во способностите.

Сорабтката на училиштето со локалната средина се реализира преку активно вклучување на училиштето во средината и нејзино информирање за постигнатите резултати.

Во училиштето успешно се реализираат повеќе проекти кои им овозможуваат на учениците преку тимска работа да применуваат демократски постапки при донесување на одлуки,разрешување на конфликти, истражувачки активности, здравото живеење,развивање на духот за хуманост.

Кај дел од наставниците се чувствува потреба од едукација за изготвување на интегрирани планирања и работа со децата со посебни образови потреби, потешкотии во учењето и надарените деца.

Наставниците имаат навреме изготвено годишни, тематски и дневни планирања кои се во согласност со планот и програмата изготвени од БРО, и истите ги употребуваат соодветно и ефикасно во наставата. Истите ги содржат сите неопходни елементи за успешна раеализација на наставата.

За да ги планираат следните чекори во учењето, наставниците ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите за начинот на индивидуално поучување на учениците. Користат разновидни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини за учење и соработка. Вреднувањето на учениците се врши преку примена на разновидни иструменти .

Училиштето редовно и навремено ги известува родителите за постигањата на нивните деца и им дава препораки за подобрување.На родителите им се достапни за увид ученичките портфолија. Одделенските раководители редовно ги информираат родителите за постигнувањата и поведението на нивните деца преку евидентните листови, како и преку Е-дневник кој редовно и уредно го водат сите наставници, при што се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците.

Училштето применува различни форми и активности за обезбедување грижа, благосостојба и заштита на машките и женските деца, вклучувајќи ги и оние со посебни образовни потреби, преку непосреден разговор со нив и нивните родители, преку соработка со службата за социјални грижи и други асоцијации, како и со вклучување на учениците во слободните ученички активности.

Преку секојдневната работа за време на наставата, непосредните контакти со учениците, систематските прегледи и разговор со родителите, училиштето ги открива учениците со физички, ментални, здраствени или емоционални проблеми, и во соработка со релевантните институции пристапува кон преземање соодветни мерки за прилагодување на учениците и решавање на настанатите потешкотии.

Односите помеѓу учениците, наставниците и родителите се градат на заемно почитување и доверба.

***Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

- Поставување на алтернативни скали и ознаки со кои ќе се даде насока за евентуална евакуација;
- Замена на дотраената и оштетена компјутерска технологија со нова, со цел успешно реализирање на ИКТ содржините предвидени во наставната програма.

# 2. Постигања на учениците

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 2.1 | **Постигања на учениците** | ➢ Следење на постигањата  на учениците од различен пол , етничка припадност според наставни предмети, квалификациони периоди и јазикот на наставата<br>➢ Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовна и дополнителна / додатна настава |
| 2.2 | **Задржување и осипување на учениците** | ➢ Опфат на учениците<br>➢ Редовност во наставата<br>➢ Осипување на учениците<br>➢ Премин на ученици од едно во друго училиште |
| 2.3 | **Повторување на учениците** | ➢ Повторување на учениците |
| 2.4 | ***Следење на напредокот*** | ➢ Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>➢ Анализа на напредокот на учениците по паралелки |
| 2.5 | ***Советодавна помош за понатамошно образование на учениците*** | ➢ Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>➢ Грижа за учениците со емоционални потешкотии (анкета) |

| **2.1*Постигања на учениците*** | |
|---|---|
| ***Тема:*** | **Следење на постигањата на учениците од различен пол,етничка припадност според наставни предмети,квалификациони периоди и јазикот на наставата** |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Педагошка документација<br>➢ Дневник на паралеките и Е-дневник<br>➢ Преглед на успехот од кварталните периоди и полугодишен и годишен извештај на училиштето за учебните години ;<br>➢ 2016-2017<br>➢ 2017-2018<br>➢ 2018-2019 од I до IX одд.<br>➢ Извештаи на стручната служба<br>➢ Портфолија на наставници<br>➢ Портфолија на учениици<br>➢ Стандарди и критериуми за оценување<br>➢ Тематски планирања на наставниците<br>➢ Евидентни листи за постигнат успех по квартали<br>➢ Анкета со ученици, наставници, родители<br>➢ Записник на стручна служба<br>➢ Анализи и извештаи на | Училиштето има систем за следење на постигањата на учениците во текот на наставниот процес по сите наставни предмети. Во оценувањето наставниците ги следат стандардите и критериумите за оценување на постигањата на учениците и користат дијагностичко, формативно и сумативно оценување на постигањата на учениците со што се постигнува поголема транспарентност, објективност и праведност при оценувањето на учениците. Родителите и учениците се запознаваат со истите на почетокот на учебната година,на почетокот на секоја тема, при индивидуалните средби со наставниците и на родителските средби.<br><br>Следењето, бележењето и оценувањето на знаењата на учениците се врши јавно и транспарентно и во тој процес се вклучени и учениците преку самооценување и заемно оценување како и преку комисии за оценување формирани од ученици.<br><br>Сите наставници од одделенска и предметна настава изработуваат критериуми за оценување кои ги приложуваат во своите тематски и годишни планирања .<br><br>На крајот на секое тримесечје наставниците изработуваат извештаи за постигањта на учениците по полова, етичка припадност, а од страна на педагошко-психолошката служба се изработуваат и прегледи за постигањата на учениците по пол и етничка припадност во текот на целата учебна година по квартали кои се презентирани во извештаите на училиштето. Училиштето има изготвено стратегија за унапредување на процесот на оценување.<br><br>Наставниот кадар има посетено обуки за унапредување на оценувањето на учениците реализирани од страна на Бирото за развој на образованието и во склоп на реализацијата на ПЕП проектот.<br><br>Наставниците вршат континуирано следење и бележење на постигањата на учениците и развојот на |

наставници;

- Тестови и наставни листови
- Записници од Одделенски совет
- Записници од средби со родители

нивните вештини во ученички досиеја. Постигнувањата се следат и при премин на учениците од одделенска во предметна настава од страна на педагошко-психолошката служба .

Средниот успех на ниво на училиште бележи тренд на покачување.
Преглед на постигања на учениците по одделни предмети за учебната:

| IV-IX одделение | 2016-2017 | | | 2017-2018 | | | 2018-2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | среден | машки | женски | среден | машки | женски | среден |
| Македонски јазик | 2,96 | 4,41 | 4,15 | 3,81 | 4,42 | 4,12 | 3,89 | 4,54 | 4,21 |
| Англиски јазик | 3,65 | 4,38 | 4,18 | 4,00 | 4,36 | 4,18 | 4,03 | 4,18 | 4,08 |
| Математика | 2,92 | 4,14 | 3,96 | 3,83 | 4,16 | 4,00 | 3,82 | 4,20 | 4,01 |

По одделенија средниот успех на учениците е следниот:




| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | IV-V | VI -IX | IV-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016/17 | 4.45 | 4.54 | 3.99 | 4.24 | 4.14 | 4.41 | 4.49 | 4.19 | 4.27 |
| 2017/18 | 4.54 | 4.46 | 4.31 | 4.03 | 4.22 | 4.24 | 4.5 | 4.2 | 4.3 |
| 2018/19 | 4.53 | 4.63 | 4.28 | 4.28 | 4.07 | 4.36 | 4.58 | 4.25 | 4.36 |

| IV-IX одделение | 2016-2017 | | | 2017-2018 | | | 2018-2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | вкупно | машки | женски | вкупно | машки | женски | вкупно |
| Одлични | 101 | 157 | 258 | 98 | 147 | 245 | 104 | 139 | 243 |
| Многу добри | 49 | 42 | 91 | 46 | 39 | 85 | 44 | 37 | 81 |
| Добри | 41 | 22 | 63 | 41 | 19 | 60 | 38 | 21 | 59 |
| Доволни | 18 | 6 | 24 | 16 | 8 | 24 | 8 | 3 | 11 |
| Не завршиле | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / |

| | |
|---|---|
| | Учениците од прво до трето одделение се оценети описно и е направена анализа на постигнувањата на учениците според пол и етничка припадност.<br>За унапредување на процесот на учење и поучување, а со самото тоа и унапредување на постигањата на учениците, наставниците користат разни активни методи, форми и техники на работа и применуваат ИКТ минимум 30 % во наставата согласно законските регулативи .<br>Во наставата оценувањето на постигањата на учениците се врши согласно законските прописи: описно оценување во прво, второ и трето одделение, а комбинирано во четврто, петто и шесто одделение. Оценувањето во седмо,осмо и деветто одделение се врши нумерички.<br>Наставниците користат разни постапки т.е. методи и форми на оценување во текот на наставниот процес во кои применуваат инструменти како: наставни ливчиња, чек-листи, аналитички и холистички листи, скали на проценка, усна и писмена повратна информација. Наставниците ги наведуваат методите и формите на оценување во своите планирања како во годишните (долгорочни) и тематски (среднорочни) така и дневните оперативни планирања (краткорочни), каде се наведени сите активности на часот и методот, формата или инструментот со кои ќе бидат оценувани учениците.<br>Во училиштето се реализира дополнителна и додатна настава и истата се планира од страна на наставниците. За термините на одржување наставниците имаат изготвено распоред и јавно се истакнати пред учениците и родителите. Во однос на реализацијата на дополнителната настава наставниците се едногласни дека и покрај можноста што училиштето им ја дава на учениците за да ги подобрат своите постигања кај учениците од повисоките одделенија, не постои доволна заинтересираност и одговорност кон истата.<br>Наставниците ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и за нив изготвуваат индивидуални образовни планови. Наставниците се соочуваат со потешкотии при изготвувањето на индивидуалните образовни планови како и со изведување на настава со ваквите ученици. Од изминатата година во училиштето е вработен и дефектолог кој помага во реализацијата на наставниот процес и изготвувањето на наставните планови.Во училиштето е формиран тим за инклузија со цел на учениците со потешкотии во учењето да им се помогне да постигнат подобри резултати по наставните предмети.<br>За ученици кои покажуваат особен интерес и напредок по наставните предмети наставниците реализираат додатна настава со претходно изготвена програма за работа. За реализација на дополнителна и додатна настава наставниците водат евиденција.<br>Училиштето организира слободни ученички активности за ученици. Активностите и постигнувањата на учениците се промовираат преку: училишни, регионални и државни натпревари, распишани конкурси на локално, државно и меѓународно ниво и во овој дел училиштето има остварено видливи резултати.<br>Училиштето нуди можности за информирање на родителите за постигнувањата на учениците преку |

| | |
|---|---|
| | отворени денови за родителите (секој прв понеделник во месецот за предметна настава и секој последен понеделник во месецот за одделенска настава), каде родителите имаат можност да разговараат со сите одделенски и предметни наставници . Евидентните листи за успехот на учениците се доставуваат редовно до родителите по завршувањето на прво тримесечје, прво полугодие и трето тримесечје.<br>Училиштето преку проектот Е-Дневик им овозможува на родителите да ги следат постигнувањата на своите деца, но исто така овде се добива редовен и континуиран преглед на наставните содржини кои учениците ги изучуваат по секој предмет, изостаноци, домашни работи и сл.<br><br>Од извршената ***анкета со вкупно 180 ученици*** анализата покажува следно:<br><br>***1.***На прашањето дали наставниците ве известуваат за критериумите за оценување по наставните предмети учениците одговориле со ДА-87,5% ,НЕ -1% и ДЕЛУМНО -12,1%. Оние што одговориле со НЕ или ДЕЛУМНО запишале:Дел од наставниците не известуваат, а дел не.Не сите наставници ни ги кажуваат критериумите за одговарање, наставни листови и сл.Критериумите за наставните листови не се кажуваат.Зошто по некои предмети доцна не известуваат.Некои наставници не.Понекогаш ние сме немирни но некогаш не караат за мали работи мојот пријател го караа затоа што се прозеваше.<br><br>**2**. На прашањето дали сте мотивирани за учество во натпревари и конкурси учениците одговориле : ДА-64,5%, НЕ -18,5% и ДЕЛУМНО- 17%. Оние што одговориле со НЕ или ДЕЛУМНО запишале:Несакам. Не сум заинтересирана. Тоа не ми е забавно. Сум учествувала на многу натпревари и ништо не сум добила. Не сум заинтересирана бидејќи наставниците ги форсираат одличните ученици. Често не ни кажуваат што ќе има на натпреварите. Затоа што не ми е интересно. Немам време. Имаме многу добри ученици во одделението. Затоа што не ми се допаѓа однесувањето и име неправди. Затоа што не сакам. Бидејќи не се чувствувам подготвено. Оти ме срам да одам на натпревар. Затоа што по некои предмети сакам да одам, а по некои не. Ако ме интересира ќе се подготвам. Некои наставници го прават предметот забавен и ни даваат желба да учиме но некои само работат со тоа што го имаат.<br><br>**3**. На прашањето дали им нудите помош на соучениците со потешкотии во учењето учениците одговориле со ДА – 82%, НЕ- 7% и ДЕЛУМНО-11%. ЗАБЕЛЕШКИ:Затоа што и јас не сум солиден ученик. Бидејќи не бараат помош.<br><br>**4**. На прашањето дали нудите помош на соучениците со емоционални потешкотии учениците одговориле со ДА- 79%, НЕ- 6% и ДЕЛУМНО-15%. ЗАБЕЛЕШКИ:Не сум се нашла во таква состојба. Бидејќи нема такви. Бидејќи никој не бара помош.Затоа што се лигават. |

| | |
|---|---|
| | **5**.На прашањето дали имате ученичко досие по секој наставен предмет учениците одговориле со ДА 83,5%, НЕ- 8,5% и ДЕЛУМНО-8%. ЗАБЕЛЕШКИ:Немам причина. Една папка во која ги ставам сите работи. Само по некои предмети имам во папка. Не се бара папка по секој предмет. Незнам.<br><br>**6**. На прашањето дали се објективни причините за повторување на учебната година учениците одговориле со ДА-50,5% НЕ 16,5% и ДЕЛУМНО 23%ЗАБЕЛЕШКИ:Затоа што учам. Не повтарам. Бидејќи ако има една единица, а другите оценки му се солидни треба да му се поправи. Јас редовно учам и не треба да ја повторувам годината. Па затоа што учам. Бидејќи не сакам и не смеам тоа да си го дозволам.<br><br>**7**. На прашањето дали наставните часови се креативно организирани со различни форми, методи, техники и наставни средства учениците одговориле со ДА- 79,5 %, НЕ- 11,5% и ДЕЛУМНО- 19%. ЗАБЕЛЕШКИ:Бидејќи половина од часот поминува во расправии. Нема доволно буџет за некои работи. По англиски ни предава убаво и не се грижи за наставата.Нема причина. Наставниците каснат. Оти е интересно. Многу е досадно. Компјутерите не работат, наставниците многу викаат и не се заинтересирани за мислењето на учениците.<br><br>**8**. На прашањето дали имате потешкотии при совладување на наставните содржини учениците одговориле со ДА – 24%, НЕ- 46,5% ДЕЛУМНО-29,5%. ЗАБЕЛЕШКИ:Бидејќи наставниците не објаснуваат добро и само викаат. Зависи од објаснувањето на наставникот. Понекогаш не се стигнува по секој предмет секоја содржина да ја совладаме. Понекогаш се тешки содржините. Внимателен сум на час. Вложувам повеќе труд. Ја знам наставната содржина на наставниците. Јас сум одлична и трудољубива ученичка. Се што имам учено до сега ми е јасно. Како ќе ми оди некои предмети и затоа понекогаш не знам. Бидејќи сите зборат. Наставниците предаваат добро. Внимавам на часовите и учам дома. За сега немам. Јас сум одличен ученик и лесно ги сваќам работите. Содржините не се тешки за учење. Се е објаснето во тек на часот. Бидејќи содржините се лесни. Затоа што немам потешкотии. Убаво објаснуваат наставниците. Се трудам да што кажува наставникот на час и покажувам труд.<br><br>**9**.На прашањето дали ученичката заедница придонесува за подобрување на постигнувањата на учениците учениците одговориле со ДА-72%,НЕ- 110,5% и ДЕЛУМНО- 17,5%. ЗАБЕЛЕШКИ:Нема голема соработка помеѓу учениците. Незнам. Затоа што кога бев претседател изгласвме за униформи, а уште ништо нема, тоа беше пред 2 години. Сите каснеме. Учениците сами си одлучуваат дали ќе учат или не.<br><br>**10**. На прашањето дали наставниците редовно организираат дополнителна и додатна настава учениците |

| | |
|---|---|
| | одговориле со ДА -87,5%, НЕ- 5% и ДЕЛУМНО-7,5%. ЗАБЕЛЕШКИ:Сите касниме. Јас не одам на додатни. Немаат време. Затоа што сакаат да знаеме повеќе.<br><br>**11**. На прашањето дали сте информирани за времето и местото на одржување на часовите по дополнителна и додатна настава учениците одговориле со ДА – 92,5 %, НЕ- 3% и ДЕЛУМНО- 4,5%. ЗАБЕЛЕШКИ:Бидејќи немаат сите наставници истакнато кога имаме. Делумно бидејќи немаат истакнато на табла. Јас не одам на додатни. Некои наставници не не известуваат.<br><br>**12**. На прашањето дали наставниците редовно ве мотивираат за подобрување на успехот по наставните предмети учениците одговориле со ДА- 87,5%, НЕ – 4% и ДЕЛУМНО- 8,5%.ЗАБЕЛЕШКИ:Имаме една шанса за оцените. За повеќе да учиме.<br><br>**13**. На прашањето дали редовно учествувате во воннаставни активности на училиштето учениците одговориле со ДА- 65% НЕ- 14% и ДЕЛУМНО -21% ЗАБЕЛЕШКИ:Поради работа. Немам причина.Затоа што не одам. Немам мотивација. Бидејќи други деца се одбрани. Понекогаш активностите се погодуваат во сабота, а мене ми се спие. Бидејќи не сум избрана. Не сум заинтересирана за такви работи. Имам работа.<br><br>**14**. На барањет да наведат предлози за подобрување на постигнувањата учениците забележале:*Да имаме еден час повеќе физичко во неделата. Подобри книги. 5 минути да се зголеми големиот одмор. Да се намалат часовите. Секојдневно движење, повеќе мотивација и доколку видат телефон да го земат. Клима, машко WC, интернет.Учениците да бидат потивки на часовите. Да се намали бројот на часови. Треба да се трудиме да учиме. Да се даде размена на ученици. Без девијчиња. Поубави столови, маси, табла, сунѓери, телевизори во сите училници. Повеќе експерименти на часовите, повеќе додатни и дополнителни повеќе лекции. Нови клупи, нови компјутери. Секојдневно да имаме физичко, намалување на часовите. Да има часовници во училниците. Часовите почесто да се во природа. Да се врати храната во кујна и да имаме време за повторување. Да го намалите големиот одмор, да имаме по 5 часа, 1 час неделно математика. Повеќе инструменти. Да бидеме мирни, повеќе учење. Помалку лоши, повеќе следење на часовите. Меѓусебно помагање, повеќе да се организираат учениците, да се интересираат повеќе за наставните програми.Треба повеќе да ни објаснуваат наставниците на часовите. Секој ученик е одговорен за својот успех и секој сам треба да се поттикнува. Да се обноват училниците. Нашите соученици треба повеќе да се посветат на училиштето и сите задачи во него, повеќе да се интересираат за наставните предмети и да употребуваат различни методи во учењето. Скратување на подолгите содржини, повеќе часови за вежби, да не има повеќе од еден тест или наставно ливче во еден ден. Да има* |

| | |
|---|---|
| | *полесен материјал. Позаинтересираност од страна на наставниците и поголема дисциплина од нас учениците. Нема потреба, се е таман. Може да се воведат повеќе спортски активности. Да се почитуваат наставниците. Да не си играме на час, да не и пречиме на наставничката. Шкафчиња, огледало во женското WC нема да ги кршиме. Да се пишува и да се учи и да бидеме редовни на училиште. Се е супер. Средства за настава, практична работа.*<br><br>Од извршената ***анкета со вкупно 180родители*** анализата покажува следно:<br>**1**. На прашањето дали оценувањето на учениците е транспарентно родителитеодговориле со ДА-90 % НЕ-2 % ДЕЛУМНО-8% Оние кои одговориле со делумно ги навеле следните причини: ДЕЛУМНО -Премногу лесно ги добиваат оцените, На кого е детето,Се едни деца се форсираат на поединци, нереални согледувања од страна на наставниците и бодреље на учениците,секогаш постои некој кој влијае врз одлуките на професорите.<br><br>**2**.На прашањето дали оценувањето на учениците е според однапред утврдени стандарди и критериуми родителите одговориле ДА-86% , со НЕ-3 % , со ДЕЛУМНО-11%<br>Оние кои одговориле со делумно ги навеле следните причини: ДЕЛУМНО -Се оценуваат кога е потребно ,не однапред, исти теми,влијание и мислење има и од наставници,постојат исклучоци од некои наставници,посебен третман,,за голем дел од наставниците има и социјалниот статус на ученикот,се оценува само кога е потребно,а не континуирано).<br><br>**3**.На прашањето дали добивате повратна информација за успехот на учениците родителите одговориле ДА-94%, со НЕ-2% , ДЕЛУМНО-4%. -Кога како,само од родителски средби, не се информирам преку е-дневник бидејќи не е во функција<br><br>**4**. На прашањето дали сте задоволни од описното оценување на учениците родителите одговориле со ДА-83% ,НЕ-8% и ДЕЛУМНО-9%.<br>Оние кои одговориле со делумно ги навеле следните причини:<br>НЕ-(Не е доволно јасно во евидентниот лист,бидејќи тоа не е оценување,мислам дека нема воопшто потреба од описно оценување,така немаат стимул за учење,со оцена е многу подобро и поразбирлив успехот**;**(многу неправилности,не го мотивира ученикот,многу родители не го разбираат оценувањето,оцената е мотивација за ученикот, а не не описно оценување)<br>ДЕЛУМНО-(подобро со оцени ,описното не се разбира,не е доволно јасно за родителот,подобро бројчано и за родителот и за ученикот,затоа што оценката е помотивирачка,описното е стандардизирано нема видлива разлика помеѓу нивоата нема реална слика,не знам,подобро со оцени,бројчанато оценување е |

| | |
|---|---|
| | подобро,скратете го описното,подобро со оцени од 1 до 5, децата не го разбираат описното оценување)<br><br>**5**. На прашањето дали редовно го следите портфолието на учениците родителите одговориле со ДА-89% , НЕ-2,6 % и ДЕЛУМНО- 8,4%.<br><br>**6**.На прашањето дали редовно ги посетувате родителските средби родителите одговориле со ДА-93% , НЕ-0,6% и ДЕЛУМНО-6,4%.<br>НЕ-(Бидејќи се зборува за работи кои не се поврзани со училиште,поради обврски,секојдневно сум во контакт со наставничката)<br>ДЕЛУМНО-(Обврски, немам време, работни обврски, родителската се поклопува во работното време, кога имам време)<br><br>**7**. На прашањето дали советот на родители активно ве известува за активностите во училиштето родителите одговориле со ДА-64% , НЕ-24% и ДЕЛУМНО-12%.<br>Оние кои одговориле со делумно ги навеле следните причини:<br>НЕ-(Не сме никогаш известени за ништо,Прашајте го членот на советот на родителите,Не знам,Не ми е позната причината,Никогаш не сме известени досега од совет на родители,Слаба ангажираност,Не сме во контакт со Совет на родители,Никогаш не сме слушнале -за жал).ДЕЛУМНО-(Не сме секогаш запознаени со се,Не ја знам причината треба вие да кажете,Редовно не одам на совет на родители, не е редовно,,недоволна соработка со Совет на родители,не е на време,Советот не фунционира според мене)<br><br>**8**. На прашањето дали ги следите постигнувањата на учениците во Е-дневникот родителите одговориле со ДА-62% , НЕ-13% и ДЕЛУМНО-25 %.<br>Оние кои одговориле со делумно или не ги навеле следните причини:<br>НЕ-(Немам време,Ги знам постигањата на моето дете и не сум заинтересирана за другите,Не сум известена,Наставникот не известува на родителската средба,Не функционира,Постојано комуницирам со наставникот,Постигнувањата ги следам преку родителски ,евидентни ).ДЕЛУМНО-(Бидејќи минатата година доцна беше ставен во функција,вне е активен,Нема пристап секогаш и не внесуваат податоци на време,Преку родителски средби и тестови,Бидејќи сме информирани на родителски средби, ретко користам,не можам да влезам во е-дневник,добивам пораки,контактирам со наставници)<br><br>**9**.На прашањето дали сметате дека постигнувањата на учениците се реално оценети од страна на наставниците родителите одговориле со ДА- 84,5%, НЕ-6% и ДЕЛУМНО-9,8%.<br>Оние кои одговориле со делумно ги навеле следните причини: |

| | |
|---|---|
| | Некогаш има нереални оцени,Премногу подаруваат оцени,Поради описното,Прашајте ги наставниците;(поради одредени причини наодредени наставници,нема големо влијание врз наставниците од страна на родителите на учениците со повисок социјален статус)<br><br>**10**.На прашањето дали сте редовно информирани за воннаставните активности во училиштето подителите одговориле соДА-83%   ,  НЕ-10% и  ДЕЛУМНО-7%  .<br>Оние кои одговориле со делумно ги навеле следните причини:<br>(  Некогаш незнам што се случува,Поради обврски,Не сум заинтересирана)<br><br>**11**. На прашањето  дали сте присутни на воннаставните активности на училиштете родителите одговориле:ДА-55 %   ,  НЕ-25%    и   ДЕЛУМНО- 20%.<br>Оние кои одговориле со делумно ги навеле следните причини:<br>НЕ-(Кога сум слободна можам да присуствувам,Не сум слободна,Имам обврски,Немам време,Досега немало потреба,Не сум поканет,Обврски,Не е побарано од мене како родител,зависи од слободно време).ДЕЛУМНО-(Зависи од слободното време,)<br><br>**12**.На прашањето  дали наставниците редовно огранизираат дополнителна и додатна настава родителите дале одговор ДА-88,5%  со НЕ-2%    , со ДЕЛУМНО- 9,8 % .<br><br>**13**. На прашањето дали сте информирани за времето и местото на одржување на дополнителна и додатна настава родителите одговориле со  ДА-90, 8%  ,  НЕ-0,65 %                ДЕЛУМНО-8,5 % .<br><br>**14**. На прашањето дали наставните часови се креативни со различни форми, методи, техники и наставни средства родителите одговориле со<br>ДА-одговориле 83,4 %  , со НЕ  5,8 %   и  ДЕЛУМНО- 10,8 %<br>Оние кои одговориле со делумно ги навеле следните причини:<br>Недостаток на наставни средства,Незнам за ова прашање прашајте ги учениците,Ова прашање повеќе е за раководните органи,Ние не вршиме посета на часови.<br><br>**15.** На барањето родителите да наведат предлизи како да се подобрат постигнувањата на учениците, тие ги дале следните предлози:<br>Повеќе активности од страна на учениците и наставниците, Натпревари, Целата обвска на учениците да заврши за време на часовите да немаат обврски за дома, Практична настава, Да се намалат бројот на часовите, Наставниците  да се однесуваат педагошки сепак се педагози, Учениците повеќе да внимаваат на |

| | |
|---|---|
| | часовите и така ќе постигнат повеќе резултати, Тоа не е моја работа, Повеќе дисциплина на часовите и одморите, Некој за тоа зема плата, Враќање на старата програма, Поголема интеракција и наставни средства преку кои ќе го совладаат материјалот, Постигањата се одлични, Укинете го Кембриџ, Се е во најдобар ред, Да се намали бројот на часови, Повеќе да им се дава дома за учење, Во школо на час повеќе да се даваат примери и објаснувања од темите кои ги работат и на часот да се направат конкретни испрашувања да се знае колку се усвоени темите, Редовно учење и слушање настава, Постигањата на еден ученик зависи од самиот ученик колку тој е способен и колку би сакал да постигне, Предлози доколку има треба да бидат одстрана на наставниот и стручниот кадар. Поотвореност на наставниците. Експерименти, пракса, прошетка во природа, помалку материјал за учење (некорисен), повеќе индивидуален пристап, дисциплина-внимателно слушање, повеќе тимска настава, поголема желба за учење. Вложување труд од двете страни без поделба на работничка класа и директорска класа(на децата). Да се вртаи стариот систем на учење-да се укине Кембриџ. Секој ден да има физичка активност. Помалку предмети-повеќе пракса. Да се забрани носење на телефон (уште повеќе да се забрани користење на час за пребарување на потребите на часот) тоа треба да го прави наставникот. Секојдневна мотивација и подигање на самосветса кај учениците од страна на наставниците. Повќе дополнителни задолженија, поспрепни наставници. Постигањата на учениците да се постигне со попсветни наставници. Примена на нови методи за ефективна настава. Стимулирање на талентираните ученици. Соодветни подготовки за натпревари, наставни екскурзии во национални институции. Одлично е така нека продолжат. Да се намали бројот на часови во пониските одделенија. Повеќе кабинетска настава во поголемите одделенија. Несоодветни учебници. Учениците повеќе да научат во училиште, а не дома со родителите. Повеќе часови со практична работа. Да научат она што го учат да го применуваат во секојдневниот живот. Постеа на фирми, банки, институции се почесто .Да не се форсираат само едни деца во се. Дисиплина.<br><br>Од извршената ***анкета со вкупно 20 наставници*** анализата покажува следно:<br>1. На прашањето дали изготвувате критериуми за оценување на учениците наставниците одговориле со ДА -100%<br>2. На прашањето дали редовно ги информирате родителите за критериумите за оценување по наставни предмети наставниците се изјасниле со ДА -100%<br>3. На прашањето дали оценувањето на учениците е транспарентно и јавно наставниците се изјасниле со ДА -100%<br>4. На прашањето дали изготвувате ИОП за учениците со посебни потреби наставниците се изјасниле со ДА -96% и НЕ-4% (немам ученик со ИОП)<br>5.На прашањето дали ја прилагодувате наставната програма според учениците со потешкотии во учењето наставниците одговориле со ДА -99% и со ДЕЛУМНО- 1% (не изготвуваме планирање,работиме со |

| | |
|---|---|
| | основни цели од програмата)<br>6.На прашањето дали ги мотивирате учениците за подобрување на успехот на постигнувањата наставнците пишале ДА -100%.<br>7. На прашањето дали применувате во наставата различни методи, форми, техники и наставни средства наставниците запишале ДА -99% и ДЕЛУМНО- 1 %.<br>8. На прашањето дали давате поддршка на учениците кои биле подолго време отсутни од наставата наставниците запишале ДА -100%.<br>9. На прашањето дали ги мотивирате учениците за учество во натпревари и конкурси наставниците запишале ДА -100%.<br>10. На прашањето дали ги мотивирате учениците за учество во воннаставни активности наставниците запишале ДА -99% и ДЕЛУМНО-1%.<br>11. На прашањето дали Наставничкиот совет како највисок орган во училиштето донесува одлуки во интерес на подобрување на постигнувањата на учениците наставниците одговориле со ДА -100%.<br>12. На прашањето дали посетувате семинари за стручно усовршување наставниците запишале ДА -99% и ДЕЛУМНО-1 %.<br>13. На прашањето дали редовно водите портфолио за учениците наставниците запишале ДА -99% и ДЕЛУМНО-1%.<br>14. На прашањето дали редовно ги информирате родителите за постигнувањата на учениците наставниците запишале ДА -100%.<br>15. На прашањето дали нудите поддршка за учениците со емоционални потешкотии наставниците запишале ДА -100%.<br>16. На прашањето дали редовно изготвувате извештаи за постигнувањата на учениците во текот на учебната година наставниците запишале ДА -100%. |
| ***Тема:*** | ➢ **Подобрување** |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Одделенски дневници на паралелка<br>➢ -Бележници на наставниците<br>➢ -Одделенски дневник на паралелка<br>➢ -Годишна програма за работа на училиштето | Напредокот на сите учениците кои имаат потешкотии во учењето се следи континуирано , се забележува интересот, усните одговори, писмени проверки на ученикот во редовната настава. За учениците со потешкотии и посебни потреби наставниците ја прилагодуваат наставната програма според способностите и потребите на истите и при тоа користат соодветна форма на работа и соодветни критериуми. На истите училиштето им обезбедува дополнителна настава во која се применува индивидуална форма на работа и соработка со дефектолог и логопед.<br>Во однос на реализацијата на дополнителната настава наставниците мора да се изнајдат начини да се |

| | |
|---|---|
| ➢ -Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето<br>➢ Записник од Стручната служба | мотивираат учениците да доагаат на доплонитената настава за да ги подобрата своите постигања.<br>Зависно од проблемот со кои се соочува ученикот ( здравствена, физичка или емоционална природа) се разговара со наставниците кои се одделенски раководители на часовите на одделенска заедница и со стручната служба и ако има потреба се упатува во соодветна институција.<br>За надарените ученици наставниците користат дополнителни активности во текот на часот и задолжително организираат додатна настава за која наставникот изготвува планирања но има потреба од професионално усовршување за работа со надарени ученици.<br>Училиштето организира задолжителни слободни активности за сите заинтересирани ученици . Активностите и постигањата на учениците се промовираат преку : училишни , регионални и државни натпревари, распишани конкурси на локално и државно и меѓународно ниво и во овој дел училиштето има остварено видливи резултати.<br>Училиштето има можност да го спореди успехот на учениците при премин од едно до друго образовно ниво во училиштето и исто така врши следење и споредба на постигањата на учениците кои поминуваат во средно образование.<br>Средниот успех на ниво на училиште бележи тренд на покачување. |

| **2.2.*Задржување и осипување на учениците*** | |
|---|---|
| ***Тема:*** | ➢ **Опфат на учениците** |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Список на деца од реонот на училиштето што треба да се опфатат во прво одделение, основно образование (од надлежни служби од Единици на локална самоуправа) | Нашето училиште има изградено политика при опфат т.е. при уписот на учениците во прво одделение. Се настојува учениците да бидат максимално опфатени согласно реонизацијата,односно од реонот на нашето училиште .За таа цел, се преземаат различни активности (посети на семејства, изработка на рекламен спот, испраќање покани до родителите). |
| ***Тема:*** | ➢ **Редовност во наставата** |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Одделенски дневник на паралелката | Во однос на редовноста на учениците , училиштето континуирано ги следи изостаноците на учениците (според пол,етничка припадност и социјалното потекло). Ги анализира причините за отсуство од настава (како неоправдани,така и оправдани) и на време превзема конкретни активности за подобрување на |

- Записник од Одделенски Совет
- Извештај од тримесечие полугодишен и годишен извештај за работа на училиштето

редовноста на учениците. Училиштето ги информира родителите во врска со редовноста на учениците постапувајќи согласно законските обврски , но податоците говорат дека родителите чии деца покажуваат одредени проблеми во редовноста и однесувањето не покажуваат доволен интерес и соработка. Со навремено превземените мерки, податоците покажуваат пад на неоправданите изостаноци во последната учебна година 2018-2019. Како причина за оправданите изостаноци се наведени честите вирусни инфекции, додека поголем број од неоправадните изостаноци се поради доцнење на првите часови.




| | Оправдани | Просек | Неоправдани | Просек | Вкупно | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016/17 | 20369 | 31.73 | 826 | 1.29 | 21195 | 33.01 |
| 2017/18 | 20009 | 32.48 | 804 | 1.31 | 20813 | 33.79 |
| 2018/19 | 16218 | 27.96 | 459 | 0.79 | 16677 | 28.75 |

***Тема:*** **Осипување на учениците**

***Извори на податоците:***

- Записници од разговори со родители, наставници и ученици
- Увид во педагошка евиденција и документација

***Согледувања:***

Училиште има систем за следење на осипувањето на ученици кое е во последните три години има нагорна линија.Осипувањето е надвор од државата и најчесто од економски причини.Иселувањето се случува во европските земји и се иселуваат цели семејства. Бројот на ученици кои се осипаа од нашето училиште во друго општинско училиште се вкупно 6 за овие три учебни години. Во учебна 2016-2017 година иселени се 10 ученика односно 1,55%, а запишани 7 ученика т.е. 1,06 %. Во учебна 2017-2018 година бројот на осипани се 20 ученици или во процентот на иселени (испишани) ученици е 3,16 %, а на придојдени ученици се 8 изнесува 1,29 %. Во учебна 2018-2019 година иселени се 10 ученика односно 1,7 %, а запишани7 ученика т.е. 1,19 %.

| *Тема:* | ➢ **Премин на ученици од едно во друго училиште** |
|---|---|
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Извештај на стручната служба<br>➢ Податоци од административна служба (секретарот ), и главна книга | При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација. И навремено се доставуваат информации за ученикот,кои се земаат предвид при натамошна образовна работа со ученикот.Постапка за премин од едно во друго училиште:<br>➢ Родителот поднесува барање за испишување (запишување) на ученикот од нашето училиште;<br>➢ Училиштето подготвува исписница (преведница);<br>➢ Се заверува во архивата на училиштето и во главната книга<br>➢ И чека доставница како потврда дека ученикот е запишан во друго училиште.<br>При премин на нов ученик во нашето училиште ученикот доставува преведница од училишето од кое доаѓа и се запазува процедурата за запишување и се враќа доставница за упис на ученикот во нашето училиште .<br>При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот и истите се земаат предвид при натамошна образовна работа со ученикот. |

<table>
<tr><td colspan="2">2.3 Повторување на учениците</td></tr>
<tr><td>Тема:</td><td>➢ Повторување на учениците</td></tr>
<tr><td>Извори на податоците:</td><td>Согледувања:</td></tr>
<tr><td>➢ Дневници за работата на паралелките<br>➢ Записници од работата на педагошко-психолошката служба<br>➢ Записници од состаноците на Одделенските совети<br>➢ Записници од состаноците на Наставничките совети<br>➢ Годишен извештај за работа на училиштето 2016/17, 2017/2018,2018/19<br>➢ Архивирана документација<br>➢ ( преведници , исписници )</td><td>Учениците кои го повторуваа одделението во последните три години  е многу мал, односно процентот на ученици кои ја повторуваат учебната година е следниот:<br><br>➢ 0 ученик или 0% во учебната 2016/2017година.<br>➢ 1% во учебната 2017/2018 год.<br>➢ 0%    учебната 2018/2019 година .<br><br>Како причини за повторувањето се јавуваат нередовноста, незаинтересираноста на учениците за учење и покрај напорите од страна на наставниците да помагаат преку дополнителната настава, слаба или никаква контрола од страна на родителите врз своите деца и слаб или никаков интерес на родителите за соработка со наставниците.<br><br>Ваквите ученици се најчесто од дисфункционални семејства,  родители со низок степен на образование и  децата се препуштени сами на себе.<br><br>Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката на училиштето преку одделенскиот раководител/раководителот на паралелката, со Законот за основно образование, преку Советот на родители и преку родителските средби.<br><br>Од анализите се констатира дека 99,89   % од учениците ја завршуваат учебната година .<br><br>За учениците кои не ја посетуваат редовно наставата училиштето ги превзема сите мерки согласно Законот за образование (разговор со ученик и одделенски раководител , родител и стручна служба, изрекување на педагошки мерки и пријавување до Просветен државен инспекторат) .<br><br>На учениците кои ја повторуваат годината училиштето им нуди можност за поднесување жалба согласно Законот за основно образование.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">2.4 Следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Тема:</td><td>➢ Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците</td></tr>
<tr><td>Извори на податоците:</td><td>Согледувања:</td></tr>
<tr><td>➢ Годишна програма за работа на училиштето<br>➢ Ученички досиеја<br>➢ Програма за работа на стручната служба<br>➢ Педагошка евиденција</td><td>Со годишната програма за работа на училиштето се предвидува континуирано следење и евалуација на индивидуалниот напредок на учениците. Секој наставник континуирано го следи и бележи напредокот на секој ученик  и за секој ученик индивидуално води учиничко досие . За учениците за кои се воочува послаб напредок во усвојувањето на наставните содржини по одделни предмети е предвидено одржување на дополнителна настава. За  ученици кои покажуваат посебен интерес за определени предмети се планира и реализира  додатна настава.Сите наставници изготвуваат извештаи на крајот од тримесечје, полугодие и учебната година  кои содржат анализа на постигнатиот успех по секој предмет по пол и етничка припадност и истите ги доставуваат до стручната служба.<br><br>Стручната служба при нашето училиште изготвува програма за работа по месеци, а воедно изготвува и извештаи за сработеното на крајот од секое тримесечие слично како што изготвуваат и наставниците.<br><br>Во програмата за работа на стручната служба се вклучени следниве подрачја: настава и наставен процес, постигања на учениците, дисциплина на учениците, клима во училиштето, ученичка заедница, соработка со родителите, анализи и истражувања, соработка со други институции како Здравствен дом, Локална самоуправа, Центар за социјални грижи, невладини организации и сл.</td></tr>
<tr><td>Тема:</td><td>➢ Анализа на напредокот на учениците по паралелки</td></tr>
<tr><td>Извори на податоците:</td><td>Согледувања:</td></tr>
<tr><td>➢ Извештаи од работата на стручните активи<br>➢ Наставнички портфолија<br>➢ Разговор  со наставници и стручна служба</td><td>Секој наставник континуирано го следи и бележи напредокот на секој ученик  и за секој ученик индивидуално се води ученичко досие. Сите наставници изготвуваат извештаи на крајот од секое тримесечие кои содржат анализа на постигнатиот успех по секој предмет и истите го доставуваат до стручната служба. Учениците кои постигнале послаби резултати предметните наставници ги упатуваат на дополнителна настава додека одделенските раководители ги информираат родителите преку индивидуални средби, родителски средби и разговори. Врз основа на поднесените извештаи од страна на наставниците, стручната служба прави анализа на напредокот на учениците по сите предмети на тримесечје, полугодие и на крај на учебната година.</td></tr>
</table>

| **2.5 *Советодавна помош за понатамошно образование на учениците*** | |
|---|---|
| ***Тема:*** | ➢ **Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување** |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Записници од работилници<br>➢ Записници од родителски средби<br>➢ Разговори и интервјуа со учениците и родителите<br>➢ Информации изготвени од стручната служба и пласирани преку расположливи медиуми на училиштето<br>➢ Програма за професионална ориентација на учениците<br>➢ Флаери, предавања<br>➢ Записници од индивидуални разговори со родители и ученици<br>➢ Наставни планови и програми | За учениците кои го завршуваат образованието во нашата институција т.е. основното образование се организираат презентации на училишта на средно образование каде учениците би можеле да го продолжат своето образование. Одделенските раководители на 9. одделение во соработка со стручната служба во нашето училиште организираат информативни предавања поткрепени со конкурсот за упис во средно образование како и промотивен материјал (брошури, флаери, презентации) преку што учениците се информираат за можностите и условите за запишување во средно училиште. На овие презентации присуствуваат професори од средни училишта кои ги информираат учениците за образовните профили, нивните наставните програми и планови. На час на одделенска заедница одделенскиот раководител во 9. одделение исто така разговара со своите ученици за нивните желби, амбиции, можности при бирањето на нивното следно образование или професија, им помага во изборот, ги советува и насочува. |

| *Тема:* | ➢ **Грижа за учениците со емоционални потешкотии** |
|---|---|
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Записници од индивидуални разговори со родители и ученици<br>➢ Педагошка документација<br>➢ Програма за работа на стручната служба | Активностите за унапредување на ментално и физичко здравје на учениците, како и континуираното следење на нивните физички, емоционални и социјални потреби, независно од половата и етничката припадност се еден од основните императиви на нашето училиште. Во таа насока, за обезбедување на заштитата и благосостојбата на учениците во наставно образовниот процес се преземаат следните активности:<br>➢ Поттикнување на индивидуален пристап кон ученикот и неговата личност преку активните форми на интерактивната настава,<br>➢ Различни  воннаставни активности, каде што ученикот може да избира според сопствените афинитети и интереси.<br>➢ Обезбедување безбедна, уредна и пријатна училишна средина, со обезбедено дежурство во двете смени на наставата од страна на дежурни наставници.<br>➢ Позитивна работна атмосфера - Секој наставник во рамките на своите индивидуални креативни и инвентивни можности е максимално ангажиран за попријатна работна атмосфера на своите часови.<br>➢ -Зголемување на воспитната функција на одделенскиот  раководител – со реализација на содржини од Образование за животни вештини, прилагодени за соодветна возраст кои вклучуваат и теми за емоционалниот развој на учениците. Училиштето преку одделенскитенаставници,  раководители, предметните наставниции педагошко-психолошката служба во кои учениците имаат доверба, ги оценува емоционалните, физичките и социјалните потреби на своите ученици.Одделенските наставници и раководители при реализација на содржините  на одделенските часови можат да ги детектираат ученицте со  емоционални потешкотии. Предметните наставници во процесот на редовната настава преку преку активности (писмени состави , цртежи , дискусии ) исто така ги забележуваат овие состојби кај учениците и ги известуваат одделенските раководители или разговараат со учениците и родителите.<br><br>Педагошко-психолошката служба во нашето училиште, се грижи и е постојано отворена за соработка и помош како на наставниците, кога се обраќаат за помош при работата со некој ученик кој има проблем, така и индивидуално со секој ученик кој самостојно и самоиницијативно се обраќа и бара помош. Исто така во рамки на службата покрај индивидуалните се реализираат и групни советувања на родители и  ученици, според новите законски одредби.<br>Се остваруваи соработка со Центарот за социјални грижи (следење на условите во кои живеат учениците), интензивна соработка со Здравствениот дом, се организираат систематски прегледи,  ревакцинација на учениците и стоматолошки прегледи.<br>Преку проектите „Мeѓуетничка Интеграција во Образованието“ и „Безбедни Училишта“ се реализраат активности за превенција на насилство во училиштето и секоја година и се реализирааат заеднички активности |

| | |
|---|---|
| | со претставници од МВР,  на поле на превенција и справување со насилство  и  подигнување на свесноста на учениците за мултиетничкото општество во кое живееме.<br>Со цел интензивирање и подобрување на работата на училиштето на ова поле, во иднина се планира да се работи на подобрување на законска  регулатива во работатата со учениците и родителите на кои им е потреба поголема помош и поддршка за успешно реализираање на воспитната и образовната работа.<br>Случаи на ментална или физичка злоупотреба се многу ретки. Доколку се забележи таква појава, веднаш интервенираат најпрво класните раководители или самите ученици, педагошко - психолошката служба која ги вклучува родителите и заеднички се работи на надминување на негативните состојби, како и зајакнување на довербата. Доколку има потреба се комуницира со надлежните институции како Центар за социјална работа или МВР.<br><br>Училиштето преку одделенските раководители и наставници  и предметните наставници ги добива потребните сознанија во однос на ученици со физички и ментални здравствени проблеми, како и оние со посебни образовни потреби, а во соработка со родителите. Како резултат на овие сознанија во училиштето се преземаат:  Индивидуални разговори со ученикот, доколку се идентификува проблем или се почувствуваат одредени промени во неговото однесување, најпрво со одделенскиот  раководител, некој од предметните наставници во кои ученикот има доверба или со стручната служба;  Индивидуални разговори со родители; Соработка со ученички  заедници;  Во одредени случаи се советува ученикот да побара стручна помош во соодветни институции.<br><br>На почетокот на секоја учебна година преку одделенските  раководители се известуваат учениците и родителите доколку сметаат дека има потреба да информираат за здравствената состојба на ученикот да достават известување и документ за емоционалната и здравствената состојба до одделенскиот наставник и раководител или психолошко-педагошката служба. За учениците кај кои се утврдило дека имаат одредени здравствени проблеми, одделенскиот  раководител или стручната служба ги известуваат наставниците и другите ученици (доколку за тоа има потреба), со цел да им се даваат работни задачи и задолженија кои одговараат на нивните способности и можности.<br>Во училиштето постојатКодекси на однесување за сите учесници во воспитно- образовниот процес ( ученици, наставници, родители, останати вработени) за заштита на просториите и инвентарот и безбедноста на учениците и е изготвен Правилник кој ги регулира правата и обврските на сите субјекти.<br><br>Наставниците не располагаат со посебни инструменти за препознавање на емоционалните потешкотии туку одделенските раководители и предметните наставници преку следење и набљудување на учениците  во соработка со стручните соработници воочуваат кога тие се соочуваат со емоционални потешкотии. |

| **Резултати:** |
|---|
| **Јаки страни**<br>- Стратегија за континуирано следење  и вреднување на напредокот и постигањата на учениците по пол , етничка припадност,<br>- Континуирано, интегрирано на часовите, транспарентно и реално оценување на постигањата на учениците според  стандарди и критериуми,<br>- Користење на активни методи и техники на учење и поучување,<br>- Користење на разни  постапки за следење и вреднување ( вклучување на учениците во процесот на оценување ),<br>- Редовно информирање на родителите и учениците за постигнатиот успех  ( пристап до Е-дневник),<br>- Реализирање на дополнителна и додатна настава,<br>- Учество на учениците на училишни , општински , регионални и државни натпревари , конкурси и др.<br>- Мал број на ученици кои не ја завршуваат годината. |
| **Слабости**<br><br>- Непостоење на програма за работа со надарени ученици на републичко ниво. |

| ▪ ***Анализа на резултатите:*** |
|---|
| Училиштето има изготвено стратегија за оценување на постигањата на ученицте. Училиштето врши континуирано следење на напредокот на учениците  и истото го планира во годишните и тематските планирања по сите наставни предмети во одделенска и предметна настава. Сите наставници имаат изработено критериуми за оценување согласно стандардите за оценување.Наставниците користат разни начини и техники и инструменти за оценување на постигањата на ученицте и изработуваат извештаи за постигањата на ученицте на секој квартал по полова и етничка припадност.<br>Генерално, наставниците ги применуваат методите на активна настава и ИКТ при совладување на новите наставни содржини.<br>Исто така, се применуваат современи методи и форми на работа со учениците како и современа технологија за совладување на нови наставни содржини, но и за повторување и утврдување на веќе стекнатите знаења. Сето тоа резултира и со подобрен среден успех на крајот на учебната година.<br>▪ Училиштето им овозможува на учениците да ги подобрат своите постигања преку реализација на наставниот план и програма како и преку организирање на слободните ученичките активности, додатната и дополнителната настава. Критериумите за оценување се усогласени со стандардите и критериумите препорачани од БРО. |
| ***Идни активности:  Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br>Вклучување на родителите во процесот за подобрување на постигањата на учениците во целиот воспитно образовен процес. |

# 3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници воспитувачи и раководен кадар

| **3.1*Обезбедување на потребниот наставен кадар*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ➢ Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>➢ Ефективност и распоредување на кадарот<br>➢ Стручна служба како поддршка на наставникот кадар |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Закон за основно образование<br>➢ Развоен план и Годишна програма за работа на училиштето<br>➢ Записници од стручни активи<br>➢ Досие на вработени<br>➢ Решенија за користење на годишен одмор | Воспитно-образовната дејност во училиштето ја остварува соодветен воспитно образовен кадар кој според структурата и степенот на образование се во согласност со Законот за основно образование и нормативите за работа. Тие со својата стручна оспособеност, искуство, примена на современи методи, стратегии и техники на работа во наставата, придонесуваат за поголема успешност во остварувањето на дејноста. При распределба на кадарот, предвид се земаат квалитетите и искуството на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата.<br>Според етничката припадност од вкупно 77 вработени во училиштето сите се македонци. Од вкупно 77 вработени, бројот на наставниот кадар е 51, бројот на стручни соработници е 6, директори 2 , административни работници 4, техничка служба 14. Според степенот на образование од вкупниот број на вработени со високо образование се 55 лица, магистри се 2 лица, вишо образование има 4 лица, средно образование 7 лица и со основно образование 9 лица. Во училиштето има стручна служба која ја сочинуваат (педагог, психолог, социолог, дефектолог, логопед и библиотекар), која им помага на наставниците во организирање на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблеми на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош на учениците. Стручните соработници им пружаат помош на наставниците во планирањето и организацијата на наставата, како и при следењето на постигањата на учениците, како и следење на адаптирањето, постигнувањата на учениците со посебни потреби. Покрај тоа за подобро да се следи правилниот развој на овие ученици со посебни образовни потреби, се дава и соодветна стручна помош.<br>Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со ученици, наставници,родители и е постојано отворена за помош и соработка. |

| | |
|---|---|
| | Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Во училиштето функционираат 4 стручни активи кои редовно одржуваат средби и состаноци преку кои се разменуваат знаења и искуства со цел унапредување на воспитно образовниот процес.<br>Наставниците одговорно,совесно, ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи<br>Наставниците со подолго работно искуство им помагаат на своите помлади колеги за поуспешно реализирање на воспитно – образовниот процес<br>Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставник или повеќе наставници, училиштето врши соодветна замена. Во училиштето се води евиденција за присутноста на наставниот кадар од страна на директорот и стручните служби. |

***Резултати:***

**Јаки страни**

- Компетентен наставен кадар за реализација на квалитетна настава, учење и поучување на учениците;
- Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи
- Тимска работа
- Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите.
- Наставен кадар е подготвен да ги прифати промените во образовниот процес.

**Слабости**

- Зајакнување на компетентноста на стручните активи за осовременување на наставата
- Обуки на наставници за инклузивно образование

| **3.2*Следење на развојните потреби на стручните соработници*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | o Професионален развој на стручните соработници |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Интерни акти;<br>➢ Разговор со стручната служба, наставниците и директорот;<br>➢ Програма за професионален развој на наставниот кадар;<br>➢ Анкети на училиштето за професионален развој на кадарот;<br>➢ Анкетен лист за директор<br>➢ Анкетен лист заНаставник<br>➢ Покани за семинари<br>➢ Листи од спроведениинтерни обуки<br>➢ Портфолија на наставници и стручни соработници | Професионалниот и кариерниот развој на стручните соработници во воспитно-образовниота практика претставува интегрален дел на нивната работа. Стручниот тим во нашето училиште се состои од педагог, психолог, социолог,дефектолог,логопед и библиотекар кои постојано ја надградуваат педагошко - психолошко, социолошките, дефектолошките и социјалните знаења за да ги применат во својата работа и за да придонесат за професионалниот развој на останатиот воспитно образовен кадар. Како училиште редовно се идентификуват потребите на стручните соработници кои активно работат на сопственото усовршување, ги знаат правата, одговорностите и етичкиот кодекс на професијата, развиваат и применуваат рефлективни вештини за анализирање и подобрување на сопствената практика, го планираат сопствениот професионален развој и учествуваат во различни форми на стручно усовршување во и надвор од училиштето, водат евиденција за сопствениот професионален развој. Членуваат и учествуваат во работата и активностите на професионални здруженија. Училиштето има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој на стручните соработници. Со помош на анкетен прашалник се идентификуваат потребите за доусовршување на развојните потреби на стручните соработници. Училиштето дава максимална поддршка на стручните соработници кои сакаат да ги усовршат своите стручни способности. Организира интерни семинари за задоволување на потребите на истите. За работата на стручните соработници, мислење дава директорот, советник – инспектор по извршените увиди од нивната работа, интерна самоевалуација и оцени по завршените интегрални увиди. Во училиштето континуирано се води сметка за професионалниот развој и стручното доусовршување на стручните соработници, како и на интерни десиминации по завршени обуки посетени од одредени наставници, а организирани од МОН, БРО...<br>Стручните соработници имат учествувано на голем број обуки, семинари, работилници, конференции. Стручните соработници имаат ажурирани портфолија за професионален развој. Училиштето со стручните соработници редовно и во континуитет соработува и со локалната самоуправа и другите институции и организации. Стручните соработници редовно се грижат за училишната клима и безбедноста во училиштето. Демократското учество на учениците и родителите во соработка со стручните соработници во сите наставни и вонnаставни активности. |

| | |
|---|---|
| | Стручните соработници во нашето училиште  имаат значајна улога во поддршката на професионалниот развој на ниво на училиште, особено во идентификување на потребите на наставниците, планирањето и оранизирањето на различни форми на стручно усовршување во училиштето и следење на ефектите. |

| ***Резултати:*** |
|---|
| ***Јаки страни***<br><br>• *Компетентен стручен  кадар за реализација на квалитетна настава, учење и поучување на учениците;*<br>• *Стручните соработници  ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на училиштето*<br>• *Тимска работа*<br>• *Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите.*<br>• *Стручникот  кадар е подготвен да ги прифати промените во образовниот процес.* |
| ***Слаби страни***<br><br>• *Зајакнување на компетентноста на стручните активи за осовременување на наставата*<br>• *Обуки за осмислување начини за поттикнување на посебните способности на надарените ученици*<br>• *Обуки за изработка на издржливи проекти и пополнување на апликации за грантови, донации, фондови и конкурси* |

| **3.3*Следење на развојните потреби на наставниот кадар*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ○ Професионален развој на наставници |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Интерни акти;<br>➢ Разговор со стручната служба, наставниците и директорот;<br>➢ Програма за професионален развој на наставниот кадар;<br>➢ Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година;<br>➢ Анкети на училиштето за професионален развој на кадарот;<br>➢ Анкетен лист за директор<br>➢ Анкетен лист заНаставник<br>➢ Покани за семинари<br>➢ Листи од спроведениинтерни обуки<br>➢ Портфолија на наставници и стручни соработници | Училиштето редовно ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој (вклучувајќи и менторство). Училиштето има програма за професионален развој на наставен кадар.Потребите се идентификуваат врз основа на барањата на наставниците со помош на анкетен прашалник и има стратегија за десиминирање на знаењата на кадарот. Училиштето дава максимална поддршка на наставниците кои сакаат да ги усовршат своите стручни способности. Истото организира интерни семинари за задоволување на потребите на наставниците. За работата на наставниците, мислење дава директорот, советник – инспектор по извршените увиди од посети на часови, интерна самоевалуација и оцени по завршените интегрални увиди. Во училиштето континуирано се води сметка за професионалниот развој и стручното доусовршување на наставниците,како и на интерни десиминации по завршени обуки посетени од одредени наставници, а организирани од МОН, БРО...<br>Наставниот кадар има учествувано на голем број обуки, семинари, работилници, конференции. Во училиштето се реализираат интерни обуки и дисеминација од страна на стручна служба и наставници кои учествувале на одредени обуки. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој. Училиштето во контекст на Законот назначува МЕНТОР за наставникот почетник. Одлуката се донесува на Наставнички совет. Менторот има задача да изготви Годишна програма за работа со наставникот приправник, изработена по месеци. Истиот ја следи работата на почетникот, го посетува на неговите часови и обратно. Наставниците почетници се вклучени во сите иницијални обуки кои ги организира училиштето. Во училиштето се реализираат поголем број интерни обуки организирани и реализирани од стручна служба со цел да се внесат иновации во наставата.<br><br>Планирањата на наставниците се со интегрирани содржини во согласност со Еко – стандардите и точки на акцијаод проектот „Интеграција на еколошката едукацијаво македонскиот образовен систем“ (ИКТ и ЗПЈ).<br>Во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“ (МИМО), наставниците развиваат и применуваат соодветни стратегии за унапредување на меѓуетничката |

| | |
|---|---|
| | интеграција во образованието и обезбедуваат одржливост на истите во наставните содржини по одделни предмети;<br>Наставниците континуирано ги внесуваат потребните податоци во електронскиот дневник како проект на МОН, со главна цел да ја подобрат комуникацијата помеѓу наставниците и родителите.<br>Наставниците од одделенска настава зедоа активно учество во проектот „Математика со размислување“ и „Јазична писменост“ кои промовираа образование со висок квалитет каде што детето е во центарот на процесот на образованието.<br>Во рамки на проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“ е опфатена компонентата 3„ Заедници за учење“. Преку заедниците за учење, наставниците и претставниците од стручната служба имаат можност за постојано откривање, создавање и споделување начини за подобрување на наставната практика. |

**Јаки страни**

- *Училиштето организира интерни обуки за потребите на наставниците*
- *Наставниците активно се вклучени во проектите и ги реализираат истите*
- *Во училиштето се иницираат иновации во наставата преку интерни обуки организирани од страна на стручна служба.*
- *Училиштето има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој*
- *Училиштето има стратегија за дисеминација на знаења, вештини и способности на наставен кадар*
- *Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.*
- *Училиштето дава поддршка за посета на обуки организирани од МОН и БРО и акредитирани институции*

**Слаби страни**

- *Доусовршување на наставниот кадар со обуки за социјална и образовна инклузија, како за работа со ученици со посебни потреби, така и за талентирани ученици.*
- *Организирање на обуки потребни за следење на новитетите во наставата, поинтерактивна настава,обука за нови пристапи кон методологијата во наставата*
- *Организирање на обуки за изработка на издржливи проекти и пополнување на апликации за грантови, донации, фондови и конкурси*
- *Потреба од компјутерска опрема која ќе ги задоволи потребите за изведување на ИКТ во наставата*

| **3.4*Следење на развојните потреби на воспитувачите*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | o Професионален развој на воспитувачите |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Интерни акти;<br>➢ Интервју со стручната служба, воспитувачи и директорот;<br>➢ Програма за професионален развој на воспитувачи;<br>➢ Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година;<br>➢ Анкети на училиштето за професионален развој на воспитувачите;<br>➢ Анкетен лист за воспитувач<br>➢ Покани за семинари<br>➢ Листи од спроведениинтерни обуки<br>➢ Портфолија на воспитувачи | Училиштето редовно ги идентификува потребите на воспитувчите за професионален развој. Има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој. Училиштето има програма за професионален развој на воспитувачкиот кадар. Потребите се идентификуваат врз основа на барањата на на воспитувачите со помош на анкетен прашалник и има стратегија за десиминирање на знаењата на кадарот. Училиштето дава максимална поддршка на воспитувачите кои сакаат да ги усовршат своите стручни способности. Во нашето училите имаме еден воспитувач. Училиштетто организира интерни семинари за задоволување на потребите на воспитувачите. За работата на воспитувачите, мислење дава директорот, советник – инспектор по извршените увиди од посети на часови, интерна самоевалуација и оцени по завршените интегрални увиди. Во училиштето континуирано се води сметка за професионалниот развој и стручното доусовршување на воспитувачите, како и на интерни десиминации по завршени обуки посетени од одредени наставници, а организирани од МОН, БРО...<br>Воспитувачот има учествувано на голем број обуки, семинари, работилници, конференции. Во училиштето се реализираат интерни обуки и дисеминација од страна на стручна служба и наставници кои учествувале на одредени обуки. Воспитувачот има ажурирани портфолија за професионален развој. Досега во нашето училиште немало потроба од втор воспитувач.<br>Планирањето на воспитувачот е со интегрирани содржини во согласност со Еко – стандардите и точки на акцијаод проектот „Интеграција на еколошката едукацијаво македонскиот образовен систем“ (ИКТ и ЗПЈ).<br>Во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО), воспитувачот развива и применува соодветни стратегии за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието и обезбедуваат одржливост на истите во наставните содржини по одделни предмети;<br>Воспитувачот континуирано ги внесува потребните податоци во електронскиот дневник како проект на МОН, со главна цел да ја подобри комуникацијата помеѓувоспитувачите и родителите. |

| | |
|---|---|
| | Наставниците од одделенска настава и воспитувачот зедоа активно учество во проектот „Математика со размислување“ и „Јазична писменост“ кои промовираа образование со висок квалитет каде што детето е во центарот на процесот на образованието.<br>Во рамки на проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“ е опфатена компонентата 3„ Заедници за учење“. Преку заедниците за учење, воспитувачот, наставниците и претставниците од стручната служба имаат можност за постојано откривање, создавање и споделување начини за подобрување на наставната практика. |

***Јаки страни***

- *Училиштето организира интерни обуки за потребите на  воспитувачот во делот на знаењето на наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем*
- *Наставниците активно се вклучени во проектите и ги реализираат истите*
- *Во училиштето се иницираат иновации за реализација во наставата преку интерни обуки организирани од страна на стручна служба.*
- *Училиштето има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој*
- *Училиштето има стратегија за обуки и дисеминација на знаења,  вештини и способности на воспитувачит во однос на оценувањето, познавањето на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби*
- *Воспитувачкиот  кадар има ажурирани портфолија за професиомален развој.*
- *Училиштето дава поддршка за посета на обуки организирани од МОН и БРО и акредитирани институции за содавање на стимулативна средина за учење и комуникација со семејството и заедницата*

***Слаби страни***

- *Доусовршување на воспитувачкиот кадар за работа со ученици со посебни потреби и талентирани ученици.*
- *Организирање на обуки потребни за следење на новитетите во наставата.*
- *Организирање на обуки за изработка на издржливи проекти и пополнување на апликации за грантови, донации, фондови и конкурси*
- *Потреба од компјутерска опрема која ќе ги задоволи потребите за изведување на ИКТ во наставата*

| **3.5 *Следење на развојните потреби на раководниот кадар*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | o Професионален развој на раководниот кадар |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Годишна програма за работа на училиштето;<br>➢ Годишна програма за работа на директорот;<br>➢ Годишна програма за работа на заменик директор<br>➢ Записници од одржани состаноци на Наставнички совет<br>➢ Програма за професионален развој на директорот<br>➢ Интервју со директор | Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално- финансиското работење на училиштето. Директорот ги врши сите работи пропишани во законот за Основно образование во член 130. Директорот раководи со човечките ресурси, педагошко раководење, финансиско раководење во  следниве подподрачја: - Комуникации и односи со јавноста; - Унапредување на меѓучовечките односи; - Професионален  и кариерен развој и обезбедување кадар. - Планирање, поддршка на наставата и учењето; -Обезбедување на квалитет,создавање на здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците. - Раководење со финансиски и материјални ресурси.  Директорот формира тим за односи со јавностаи изготвува акционен план за презентација на училиштето (кој наставници ќе бидат вклучени, поттимови за разни активности). Воспоставува и одржува јасен систем на комуникација во училиштето. Планира состаноци со вработените и навремено ги информира вработените. Конструктивно ја насочува дискусијата, има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето. Има план за привлекување на ученици како резултат на квалитетот на наставниците и наставата. Ги поттикнува наставниците за вклучување во активностите за презентација на училиштето. Користи јасен приод за развој на меѓуетничките односи и надминување на конфликтите.  Применува техники за комуникација согласно ситуацијата и вклучените чинители. Креира промени  и поттикнува цели. Планира потребен персонал, спроведува интервју со потенцијални кандидати за вработување, обезбедува стручен и компетентен кадар во учебната 2018/2019 година. Препознава и наградува  индивидуални достигнувања.<br><br>Го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелни приоди, програми, проекти (мултикултурализам, меѓуетничка интеграција во образованието, еко проекти и сл.). Формира работни тимови, учествува и ја следи изработката на годишната програма на училиштето. Изготвува оперативни и неделни планови за сопствената работа. Ги презентира годишните и развојни планирања пред органите и телата на училиштето и локалната заедница. Иницира, координира и насочува активности во наставата. Воспоставува процедури за планирање на наставата и на вонаставните активности. Ги поддржува наставниците при планирањето. |

| | |
|---|---|
| | Изработува и користи инструменти за следење на наставата ( подготовка и реализација). Следи наставни часови и дава повратна информација. Ја следи и вреднува ефикасноста на работата во училиштето (распоред на часови, наставни и воннаставни активности, вонучилишни активности). Учествува во проценката на инструментите и техниките за самоевалуација на работата на наставниците и стручните соработници. Води соодветно инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите. Обезбедува размена на добри практики на иновативна настава во рамки на училиштето. Креира интерни политики, процедури и инструменти за управување со квалитетот и превзема активности за нивно спроведување. Пронаоѓа можни извори на дополнително финансирање и превзема активности за обезбедување дополнителни сретства за училиштето. Го следи наменското трошење на сретствата во согласност со одобрениот буџет на училиштето. Буџетот го користи за различни цели фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето во целина. Постапките за финансиското работење што ги спроведува се во согласност со законските акти. Обезбедува навремено исполнување на деловните обврски. Јавните набавки ги врши согласно законот. Обезбедува услови за транспарентно усвојување на завршната сметка. Континуирано ја следи законитоста во финансиското работење.<br><br>Директор на училиштето е г-ѓа Саша Мицевска , со положен испит за директород 23.1.2018 г.<br><br>Со Директорот на училиштето направивме интервју при што може да констатираме дека функцијата директор ја извршува во согласност со сите Законски нормативи и стандарди почитувајќи ги професионалните компетенции пропишани од Министерството за образование и наука.<br><br>При тоа директорката нагласи дека професионалните компетенции за директорот се групирани во неколку подрачја: водство, раководење со човечките ресурси, педагошко раководење на училиштето, финансиско раководење како и законско и административно работење на училиштето. Водството е применување на соодветни стилови на водење на училиштето. За тоа е неопходно идентификување, поддржување и развивање вештини за водство и тимска работа кај вработените, обезбедување на соработка со органите и телата во училиштето и усогласување на раководењето со развојните приоритети во училиштето. Соработката со родителите и заедницата е неопходен услов за успешно водство. На прашањето „Кои се вашите искуства во раководење со човечките ресурси?”-директорката одговоридека раководењето со човечките ресурси е мошне комплексна и сложена активност која бара висок степен на професионални способности и вештини. Потребно е активно слушање и способност за примање идеи и информации од индивидуи и групи. . Мошне важно е пренесувањето на информациите да биде јасно и недвосмислено.Во однос на активностите за унапредувањето на професионалниот развој на вработените |

| | |
|---|---|
| | училиштето обезбедува финансиски средства за обуки и семинари кои се неопходни за професионалното усовршување на наставниците и стручните соработници. Директорката истакна дека училиштетосоработува со следниве институции: со Локалната самоуправа и Градоначалникот на Општина Св.Николе. Човечките ресурси на локалната самоуправа ни се секогаш на располагање како на општинско училиште (градежни инжинери, архитекти, економисти, правници). Градоначалникот ги реализира сите наши барања за превоз на нашите ученици во општината и околината (спортски натпревари, разгледување на локалитети, посета на другите училишта).<br><br>Соработуваме со сите општински институции и тоа со останатите општински училишта, Народен музеј-посети, работилници, Дом на култура Св.Николе - конкурси, манифестации, литературни читања, ЈКП Комуналец – поддршка од техничката служба, донирање на расад за цвеќе, помош во ископување на земја, Центар за социјална работа- соработка на ниво на семејства на наши ученици, Детска градинка, Средното општинско училиште- најголемиот број на наши ученици се запишуваат во овој училишен центар,невладина организација –Организација на жени- соработка на тема семејно насилство, Полициска станица Св.Николе – полицаец за превенција, Здравен дом Св. Николе- државен стоматолог- превенција со залевање  на шестите заби, систематски прегледи и др.<br>Училиштето соработува и со локалното население, непосредните соседи, граѓаните кои не посетуваат на сите активности, наши поранешни ученици. На прашањето „Дали училиштето одделува финансиски средства за професионален развој на вработените? “ - директорката одговори дека училиштето оваа учебна година оддели финансиски средства за професионален развој на вработените. Ги финансираше следниве обуки и семинари:<br>➢ семинар за дислексија за одделенските наставници и стручните соработници во училиштето<br>➢ обука на благајник за финансиско работење<br>➢ обука на директор и помошник директор за менаџирање<br>➢ обука на наставник за електронски јавни набавки<br><br>На прашањето „Каква политика води училиштето во однос на инклузија и ученици со ПОП?“, директорката одговори дека во соработка со UNDP склучен е меморандум за соработка помеѓу Општина Свети Николе, UNDP, Центарот за социјална работа и Агенцијата за вработување и сите воспитно – образовни институции во општината за обезбедување на лични и образовни асистенти кои работат со ученици со посебни образовни потреби. Од оваа учебна година во училиштето имаме 2 образовни и 3 лични асистенти. Нивното асистирање на учениците, соработка со  наставнците и родителите покажа дека кај учениците со ПОП вклучени во редовната настава има значителен напредок во однос на полесното |

| | |
|---|---|
| | следење на наставата и совладувањето на училишните обврски. |

***Резултати:***

***Јаки страни***

- раководењето/менаџирањето и управувањето во училиштето се на високо ниво;
- поголем дел од наставниците посетувале обука за примена на современи форми и методи во наставата, како и современи стратегии за учење;
- се следи напредокот на учениците со потешкотии во учењето;
- наставниците подеднакво ги стимулираат учениците независно од полот и различните стилови на учење;
- училиштето има утврден систем за ивестување на родителите за напредокот на нивните деца преку: родителските средби, е-дневник и пишани информации;
- учениците се оценуваат јавно и објективно;
- училиштето има пишан кодекс на однесување на учениците, наставниците и на родителите;
- училиштето се грижи од аспект на хумана и социјална помош на загрозените ученици;
- воспоставена хармонија во меѓучовечките односи;
- воспоставена добра соработка со родителите
- давање на соодветна помош на учениците и упатување во насока на совладување на тешкотиите во наставата;
- училиштето применува правилник за прогласување на ученик на генерацијата (V, VI, VII, VIII одделение) и најдобар наставник на годината;
- Училиштето располага со голем број на правилници и кодекси кои ги уредуваат односите на учениците, наставниците, родителите и соработниците.

***Слаби страни***

- Изградба на алтернативни (помошни) скали, потребни во случај на елементарна непогода.

| |
|---|
| ***Анализа на резултатите:*** |
| ***Можности:*** организирање обуки од БРО и МОН, акредитирани |
| ***Закани:***Финансиска поддршка |
| ***ПРИОРИТЕТИ:*** Обука за работа со надарени и талентирани ученици и ученици во инклузија |
| ***Ниво на евалуација:*** многу добро |
| ***Јаки страни***<br><br>• Компетентен воспитувачки  кадар за реализација на квалитетна настава, учење и поучување на учениците;<br>• Воспитувачот  ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на<br>• Стручните активи<br>• Тимска работа<br>• Стручната служба им помага на воспитувачот  во организација на наставата, следење на напредокот на<br>• учениците, справување со проблемите.<br>• Воспитувачкиот  кадар е  подготвен да ги прифати промените во образовниот  процес.<br>• Следење на на развојните потреби на воспитувачкиот  кадар<br>• Училиштето организира интерни обуки за потребите на  наставниците<br>• Училиштето има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој<br>• Училиштето има стратегија за дисеминација на знаења,  вештини и способности на воспитувачкиот  кадар.<br>• Воспитувачкиот  кадар има ажурирани портфолија за професиомален развој.<br>• Училиштето дава поддршка за посета на обуки организирани од МОН и БРО и акредитирани институции |
| ***Слаби страни***<br><br>• Потреба од подобрување на соработка и одговорност на стручни активи |
| ***ПРИОРИТЕТИ***<br>• Зајакнување на компетентноста на стручните активи  за осовременување на наставата и обезбедување на компјутерска технологија која ќе ги задоволи потребите за современа и квалитетна настава. |

# 4.Управување и раководење

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 4.1 | ***Управување и раководење*** | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| 4.2 | ***Цели и креирање на училишната политика*** | ➢ Јасност и соодветност на целите<br>➢ Процедури за креирање на училишната програма |
| 4.3 | ***Развојно планирање*** | ➢ Цели на развојното планирање<br>➢ Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>➢ Материјално – технички средства<br>➢ Инфраструктура |
| 4.4 | ***Сместување и просторни капацитети*** | ➢ Просторни услови, хигиена и одржување<br>➢ Искористеност на просторните капацитети |
| 4.5 | ***Наставни средства и материјали*** | ➢ Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>➢ Училишна библиотека<br>➢ Потрошен материјал |
| 4.6 | ***Финансиско работење во училиштето*** | ➢ Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>➢ Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

| **4.1*Управување и раководење*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ➢ Управување со училиштето<br>➢ Раководење со училиштето |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Статут на училиштето<br>➢ Годишна програма за работа на училиштето<br>➢ Записничка книга од состаноци на Училишен одбор<br>➢ Закон за основно образование<br>➢ Анкета со раководниот орган на училиштето<br>➢ Записничка книга од наставнички совет<br>➢ Одлуки и извештаи од Училишен одбор<br>➢ Програма за работа на директорот<br>➢ Анкета со наставници, ученици и родители<br>➢ Програма за професионален развој на директорот<br>➢ Деловник за работа на УО<br>➢ План за развој на училиштето<br>➢ Интервју со УО, иДиректор,Совет на родители | Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето и истиот го сочинуваат девет члена и тоа: три члена претставници од наставниците (избрани на седница на Наставнички совет), три члена претставници од родителите на учениците, два члена од основачот (Општина Свети Николе - како носител на основачки права) и еден член од МОН на РМ. Училишниот одбор во овој состав е избран и конституиран на 12.9.2016 година со мандат на членовите од три години. Надлежностите на органот за управување се јасно дефинирани со постојната законска регулатива, со Законот за основно образование и со Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор е поконкретно уредена со Деловник за работа донесен на 31.8.2013 год. заведен под бр: 0201-184/2.Во досегашниот мандатен период од конституирањето до денот на сочинување на овој извештај, Училишниот одбор има одржано два состанока во 2016 година, осум во 2017, тринаесет во 2018 година и шест во 2019 година или вкупно дваесет и девет состанока.<br><br>Седниците на Училишниот одбор се свикуваат со писмени покани, најмалку два дена пред одржување на состаноците. Состаноците на Училишниот одбор се одржуваат секогаш со мнозинство од членовите. Доколку нема кворум состанокот се одложува. Досега нема случај за неодржување на седница поради немање на кворум за работа. За работата на Училишниот одбор се водат записници. Записничар беше секретарот на училиштето, а сега улогата на записничар ја врши членот на Училишен одбор наставничката Александра Рисафова. Училишниот одбор успешно соработува со раководниот орган, Советот на родители, локалната власт и со други институции.<br><br>За одлуките донесени на Училишен одбор, вработените и сите заинтересирани субјекти се информираат преку извештај за работа на училиштето во календарската година.<br><br>Раководен орган во училиштето е директорот со прв мандатен период, со положен испит за директор. Сегашната директорка Саша Мицевска е назначена на 23.01.2018 со решение од Градоначалник на општина Свети Николе за именување на должност директор бр. 0901 – 117 / 3 од 22.01.2018 година. |

| | |
|---|---|
| | Директорот има изготвено своја Годишна програма за работа и Програма за професионален развој. Приоритетот во Годишната програма и програмата за професионален развоје обезбедување на средства за континуирано реализирање обуки и семинари за директорот, стручната служба, наставниците и административен кадар, со што се стекнуваат нови знаења и професионално се усовршуваат и надоградуваат. По извршените обуки да се реализираат дисеминации на другите наставници и следење на стекнатите знаења во реализација на наставата. Мотото на нашето училиште гласи: ***„Да им го дадеме најдоброто на децата, тие го заслужуваат тоа“.*** Нашето училиште има слух за детските потреби и секое дете може слободно да го каже својот став и мислење. Директорката го применува современото учење за учениците и создава позитивни кругови за работа во училиштето.<br><br>При вршењето на раководната и менаџерската функција директорката преферира да иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците, осовременување на наставната технологија, создавање креативна средина за настава и учење, следење на развојниот план, вклучување на наставниците и стручните соработници во развојните политики и промовирање добри училишни практики. При реализирање на активностите во организациска смисла правилно и максимално го користи овластувањето и одговорноста што се дадени со функцијата за да стекне авторитет во институцијата со кој управува, но и способност за влијание над останатите субјекти. Одлучно планира, управува, води, организира, контролира, имплементира, секогаш водејќи се според законските обврски.<br><br>Информирањето на вработените и пошироката јавност се врши преку консултации преку наставнички и одделенски совети, преку соопштенија на огласна табла, поединечни консултации. Информациите ги добива преку одделенскиот раководител, огласна табла, е-пошта, ученичките заедници,Советот на родители, родителски средби, отворените денови за родителите, приредби, медиуми, штандови на знаења и др . Успешно и продуктивно остварува контакти, партнерства и соработка со локалната средина, општината, невладини организации како и други институции и поеднинци поврзани со училиштето и неговото успешно работење и опстојување. Ја гради визијата за развој на училиштето токму преку соработката со наставниците, учениците, родителите, локалната средина, МОН и БРО бидејќи заедништвото е гаранција за успех и создавање на модерно училиште каде ќе се развиваат, креираат и творат нашите деца и каде меѓу нив ќе се откриваат талентите од најразлични области преку финансиска поддршка од општината во подобрување на инфраструктурата во училиштето, реализација на проекти, предавања од безбедноста и заштитата на здравјето на учениците, учество на манифестации од културен и еколошки аспект,учество на учениците во ликовени и литературени конкурси, хуманитарни и еколошки |

| | |
|---|---|
| | акции организирани од Локалната заедници и невладините организации и институции во градот. Перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат, Бирото за развој и секоторот за основно образование при МОН. Воконтинуитетостварувасоработкасо родителитеиСоветотнародители, БРО, МОН, градоначалникотилокалнатасамоуправапринашатаопштинаи други институции. Успешнојакоординираработататна Училишниотодборсо раководниот тимнаучилиштето, стручнитеактиви, ОдделенскиотиНаставничкиотсовет, Детскатаорганизација, Ученичкатаи Одделенската заедница на учениците при нашето училиште.<br><br>Состручната служба, наставниците и другите вработени воспоставува партнерски однос во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес и воедно им дава поддршка на сите наставници – приправници и на нивните назначени ментори, на наставниците кои се запишани на постдипломски студии. Им дава поддршка и мотивација на учениците за учество на натпревари, како и на нивните ментори –наставници се со цел што повеќе да се афирмираат и самите ученици и наставници. Еднаков третман има и кон талентираните ученици, а сите ученици кои освојуваат места на натпреварите ги наградува со диплома и скромен подарок. Учениците со посебни потреби се вклучени во редовната настава и со нив работат асистенти.<br><br>Определените приоритет во самоевалуацијата и планирани за реализација во Развојниот план еден дел се реализирани но, до крајот на мандатот се надева во целост да ги реализира во делот на подобрување на инфраструктурата, професионалниот развој на наставниците и во реализација на ефективна квалитетна настава кое го наложуват новите предизвици во општеството.<br><br>Советот на родители е составен од девет члена претставници на родителите на учениците во паралелките. Советот на родители ги разгледува состојбите на успехот и поведението на училиштето и предлага мерки за нивно подобрување, врши други работи кои се од интерес за остварување на воспитно-образовната работа во училиштето. Советот на родители има свој Деловник и своја Годишна програма за работа. Седници се одржуваат еднаш месечно. На голем број седници се расправа по прашања предложени од родителските совети и се реализираат работилници. По потреба на седниците или работилниците се вклучуваат и наставници.<br><br>Од стручните органи во училиштето функционираат Наставнички совет, Совет на паралелка, Раководител на паралелка, Стручен актив на наставници од одделенска настава и Стручен актив на наставници од предметна настава. Надлежностите на овие стручни органи се утврдени со Статутот на |

| | |
|---|---|
| | училиштето. Нивните активности се планирани со Годишната програма за работа на училиштето. |
| **4.2 *Цели и креирање на училишната политика*** | |
| ***Теми:*** | ➢ Јасност и соодветност на целите<br>➢ Процедури за креирање на училишната програма |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Записници од Училишниот одбор<br>➢ Развоен план на училиштето<br>➢ Годишната програма за работа на училиштето<br>➢ Анкета со директорот<br>➢ Записници од Наставнички совет<br>➢ Записници од Совет на родители<br>➢ Записници од дневници за работа<br>➢ Анкетасонаставници, ученици и родители | Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие се јасно дефинирани во Годишната програма за работа на училиштето, фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, унапредување на постигањата на учениците и создавање на безбедни и квалитетни услови за учење и престој на учениците.<br>Креирањето на образовната политика на училиштето (цели, начела и вредности) претставува мобилна и синтетизирана активност на поголем број инволвирани субјекти: органите на училиштето (директор, училишен одбор), Советот на родители, локалната самоуправа, училишните тимови, учениците и ученичките организации, родителите, бизнис секторот, невладини организации, медиуми.<br>На транспарентен начин е постигната и нормативна поткрепа на образовната политика на училиштето преку следните акти: куќен ред; систематизација на работните места; правилник за ученички екскурзии; правилник за пофалби, награди и педагошки мерки; правилник за менторство на наставници; правилник за водење на педагошка евиденција и документација; кодекс за ученици; кодекс за наставници; кодекс за родители; кодекс за однесување кон информатичката технологија; еко кодекс; план за заштита и спасување; правилник за заштита од пожари и други природни непогоди. Во правилникот за пофалби, награди и педагошки мерки се застапени одредби во кои јасно се дефинирани правила за прогласување на ученик „првенец на генерација" за VI, VII, VIII и IX одделение.<br>Во Годишната програма за работа на училиштето сосема јасно се дефинирани и програмирани образовните политики на училиштето во сите подрачја или сегменти опфатени во рамките на неговата дејност и во неа е содржано интегрирањето на еколошката едукација во образовниот систем.<br>Веќе шест години училиштето планира и изведува ЕКО активности иактивности од проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието – МИО.<br>Во училиштето се спроведува планот за заштита и спасување, едуцирани се тимови за укажување на прва помош и се изведуваат вежбовни активности за прва помош и евакуација.<br>Училиштето практикува промовирање на образовните политики преку најразлични форми: прикачување документи на веб страна, блогот на училиштето,издавање на брошури, истакнување на постери, презентации, учество во образовни и други емисии на електронски медиуми и слично. Целите и образовните политики се аргументирани со соодветни документи. |

<table>
<tr><th colspan="2">4.3*Развојно планирање*</th></tr>
<tr><td>***Теми:***</td><td>➢ Цели на развојното планирање<br>➢ Професионален развој/ стручно усовршување на кадарот<br>➢ Материјално – технички средства<br>➢ Инфраструктура</td></tr>
<tr><td>***Извори на податоците:***</td><td>***Согледувања:***</td></tr>
<tr><td>➢ Годишна програма за работа на училиштето<br>➢ План за евалуација<br>➢ Анкети со ученици<br>➢ Анкета со директор<br>➢ Анкета со родители<br>➢ Анкета со наставници<br>➢ Финансов план на училиштето<br>➢ Годишен план за јавни набавки</td><td>Училиштето има изготвено  развоен план кој е заверен под архивски број 0102-115 на 15.3.2018година и Анекс на развоен план за периодот 2018 – 2020 година заверен со архивски број 0102-115/1<br>Целите во развојниот план се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата и визијата на училиштето.Развојниот план еизготвен од училишни тимови во кои беа вклучени ученици и родители.<br>Во развојниот план се застапени три  стратешки цели кои се однесуваат на:<br>1. Подобрување на квалитетот на наставата<br>2. Професионално усовршување на наставниците<br>3. 3. Подобрување на инфраструктурата на училиштето.<br>Динамиката на остварувањето на развојниот план ја следат директорот, Училишниот одбор и координаторите на училишните тимови според планови за следење и евалуација.<br>Училиштето има програми за професионален развој и стручно усовршување на кадарот и преку финансиските планови обезбедува средства за учество на наставниците и стручните соработници на семинари и едукативни работилници, меѓу кои се одржани и работилници за работа со ученици со посебни образовни потреби, како и обука за наставници за работа со надарени ученици.Училиштето преку Органот на управување континуирано го ревидира финансискиот план во насока на подобрување на воспитно-образовниот процес и инфраструктурата. Во таа смисла се организираат активности за прибирање на дополнителни средства; Хуманитарни акции-Новогодишен хепенинг, Велигденска работилница и др.<br>Училиштето континуирано ги следи потребите од материјално - технички средства и редовно обезбедува материјални средства.Училиштето преку редовно одржување на состаноци со Совети на родители, родителски средби и наставнички совет ги запознава сите заинтересирани субјекти за реализација на поставените цели земајќи ги притоа предвид нивните предлози и ставови.Училиштето континуирано обезбедува средства за обука на наставниот и ненаставниот кадар.<br>После секоја учебна година следи анализа на резултатите на учениците и одредени наставници и со тоа се градат подрачја на приоритети за воспитно - образовна програма на училиштето од каде произлегуваат задачите за следнатаучебна година.</td></tr>
</table>

| **4.4*Сместување и просторни капацитети*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | • Просторни услови, хигиена и одржување<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| • Годишна програма за работа<br>• Непосреден увид<br>• Распоред на часови<br>• Интервјуа со наставници, директор<br>• Записници од санитарна инспекција | Училиштето има соодветни училници, заеднички простории и санитарни простории кои што овозможуваат услови за одвивање на наставата според Нормативот. Во внатрешниот простор од 3579 $m^2$ или 5,5 $m^2$ во просек по ученик постојат: **Подрумски простории**: кујна- 41 $m^2$, трпезарија - 63 $m^2$, ходници со работилници - 49 $m^2$, магацин- 55 $m^2$, подруми -75 $m^2$, санитарии (2*10)=20 $m^2$, работилница за Техничко образование - 81 $m^2$. Вкупно: 384 $m^2$.<br>**Приземје:**портирница -7 $m^2$, хол -158 $m^2$, цвеќарник -12 $m^2$, ходник кон канцеларии -21 $m^2$, ходник -14 $m^2$, канцеларија на педагог и социолог, канцеларија на помошник директор, санитарии (2*10)=20 $m^2$, канцеларија на секретар и архивар -21 $m^2$, канцеларија на наставници-56$m^2$, ходник-приземје -241 $m^2$, училници (6*54)=324 $m^2$, санитарен чвор (2*9)=18 $m^2$, хол пред сала -31 $m^2$, канцеларија за психолог, дефектолог и логопед - 19 $m^2$, ходник пред канцеларија-6 $m^2$, канцеларија за благајници домаќин - економ -13 $m^2$, канцеларија за наставниците по физичко и здравствено образование -16 $m^2$, гардероби –(2*25)=50 $m^2$, тушеви –(2*16,5)=33 $m^2$, санитарии-(2*8)=16 $m^2$, ходник кон спортска сала -44 $m^2$, спортска сала -397 $m^2$. Вкупно: 1580 $m^2$.<br>**Прв кат:**Ходник -287 $m^2$, училници (6*54)=324 $m^2$, кабинет по информатика -55$m^2$, библиотека 20 $m^2$, специјализирана училница за паралелката за ученици со посебни образовни потреби -41 $m^2$, училница по хемија -74m, кабинет похемија 24$m^2$, физика -63 $m^2$, ходник -32 $m^2$, трпезарија за продолжен престој, санитарен чвор –(2*9) =18 $m^2$. Вкупно: 986 $m^2$.<br>**Втор кат:** Ходник- 287 $m^2$, училници (6*54)=324 $m^2$, санитарии -18 $m^2$. Вкупно: 629 $m^2$.<br>**Вкупна површина: 3579 $m^2$. Дворно место - 6785 $m^2$.**<br>Во подрачното училиште во с.Долно Ѓуѓанци има зграда од 210 $m^2$ или 70 $m^2$ во просек по ученик и двор 2949 m2. Училиштето е препознатливо по многу добра хигиена во училишниот простор и презема ефикасни мерки за одржување на состојбата. По секој извршен увид од страна на Просветната и Санитарната инспекција постојат записници со решенија.<br>Училиштето има изготвено јасен план и распоред за максимална употреба на расположливите капацитети за изведување на наставата со што ги задоволува потребите на учениците. За квалитетно изведување на наставата, постоечките простории се користат оптимално од сите субјекти во наставниот процес. Околу 90 % од наставниците според спроведената анкета се изјасниле дека максимално ги користат расположливите просторни |

| | |
|---|---|
| | капацитети и дека училиштето има јасен план и распоред на користење на капацитетите. Предметната настава се изведува само во прва смена. Одделенската настава се изведува во втора смена, со исклучок на шест паралелки од прво до трето одделение кои изведуваат настава само во прва смена заради учениците кои се опфатени со продолжен престој.<br>Санитарната инфраструктура ги задоволува потребите на училиштето. |

| **4.5 *Наставни средства и материјали*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ➢ Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>➢ Училишна библиотека<br>- Потрошен материјал |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| - Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала<br>- Пописна листа<br>- Разговор со наставниците, стручната служба и директорот<br>- Увид во библиотечната евиденција<br>- Разговор со библиотекар<br>- Разговор со ученици и анкетни листи<br>- Разговор со наставници и анкетни листи<br>- Разговор со технички персонал<br>- Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали<br>- Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето.<br>- Разговор со наставниците и непосреден увид во документацијата на училиштето и интерните акти<br>- Полугодишен и годишен извештај, годишна програма | Училиштето располага со стручна литература и наставни средства кои соодветствуваат со современите наставни текови. Училиштето континуирано ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и континуирано ги обновува истите. Во јануари 2019 година набавени се поголоем број лектирни изданија за потребите на учениците.<br>Училиштето располага со современи технички средства, како печатари, скенери, LCD — проектор, телевизори во неколку училници и сл.<br>Горе изнесеното го покажуваат и резултатите од анкетата со наставниците: 58% се изјасниле дека целосно се согласуваат со располагањето на стручна литература и наставни средства и помагала според Нормативот, кои соодветстуваат на современите наставни текови, 34% дека делумно се согласуваат со овој стави 8% не се согласуваат со истиот став.<br>Училишната библиотека располага со книжен фонд кој во најголем дел се лектири, стручна литература и белетристика. Книжниот фонд во последните години е обновен и со рационална употреба ги задоволува потребите на учениците. Во училишната библиотека, во мал број има и книги на англиски, српско - хрватски и руски јазик. Библиотеката е опремена со компјутер и интернет конекција. Евиденцијата се води солидно и е компјутерска. |

| **4.6 *Финансиско работење во училиштето*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| • Годишна програма заработа<br>• Административна служба.<br>• Разговор содиректор /наставници /УО<br>• Записници и одлуки на УО<br>• Разговор со Советот народители<br>• Реализација на јавнинабавки | Сите постапки поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи.<br>Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства и тој го следи наменското трошење на овие средства.<br>Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки.<br>Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина.<br>Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. |

| ***Извори на податоци-прашалници*** | ***Кои информации се собрани - анализа*** |
|---|---|
| ***Прашалник за родители*** | Со Прашалникот за родители беа опфатени 12 родители (од двата пола: машки и женски)<br><br>- На тврдењето: „**Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете**"92% од родителите одговориле позитивно, а 8% делумно се сложиле со ова тврдење.<br>- На прашањето:„**Дали сте задоволни од хигиената и изгледот на училиштето?"**,34% од родителите одговориле позитивно, 58% одговориле делумно и 8% проценти дале негативен одговор на прашањето..<br>- На тврдењето:„**Редовно сум информиран за напредокот и постигањата на моето дете**" *92%* од родителите одговориле позитивно, а 8% делумно се сложиле.<br>- На прашањето:„**Добро се управува и раководи во училиштето?**"67% одговориле позитивно, 33% делумно се |

| | |
|---|---|
| | сложиле.<br>- На прашањето:„ **Дали училиштето бара мислење од родителите и ги зема предвид нивните сугестии** “,42% одговорија со да, а 58% сметаат дека делумно се зема предвид нивното мислење.<br>На барањето кон родителите да дадат предлози за унапредување на наставата во училиштата дадени се следните предлози:<br>• Наставниците да бидат фер и коректни кон секое дете.<br>• Подобрување на условите во училниците, клупи, столчиња, завеси, климатизирње на просториите.<br>• Организирање двосменско работење без селекција на ученици.<br>• Организирана храна за учениците.<br>• Намалување на бројот на часови на учениците. |
| ***Прашалник за наставници*** | Со Прашалникот за наставници беа анкетирани 11 наставника.<br><br>- 92% од наставниците сметаат дека директорката се раководи од визијата и мисијата на училиштето, а 8% не одговориле.<br>- 67% од наставниците се информирани кога се носат важни одлуки и промени во училиштето, 25% сметаат дека делумно се информирани, а 16% не дале одговор.<br>- 17% од наставниците учествуваат во донесување значајни одлуки, 50% од наставниците понекогаш се вклучени во донесување значајни одлуки во врска воспитно-образовната дејност на училиштето и 16% не дале одговор на прашањето.<br>- 84 % од наставниците се изјаснија дека правично и еднакво се третирани од страна на директорот, 8% одговорија со делумно и 8% не го одговориле прашањето.<br>- На тврдењето дека училиштето има јасен план и распоред на користење на просторните капацитети 75% од наставниците одговориле потврдно, 8% со делумно и 17% не се изјасниле.<br>- На тврдењето дека стручната литература и наставни средства и помагала со кои располага училишната библиотека соодветствуваат на современите наставни текови 58% одговориле потврдно, 34% делумно и 8% не се изјасниле.<br>- 25% од наставниците се запознати со Училишниот буџет и начинот на кој се трошат наменските пари, 17% делумно се запознаени и 50% не се запознаени со буџетот на училиштето. 8% не дале одговор на прашањето.<br>- Според 75% од наставиците постои отвореност и соработката на училиштето со пошироката заедница На полето на раководење и училишна политика на *наставниците најмногу им седопаѓа*: отвореноста на училиштето за соработка со др. институции, прифаќање проекти, поддршка за учество на натпревари (меѓународни кои го афирмираат училиштето), „движење“ на училиштето и можност за перманентно образование како на наставниците така и на учениците, условите за работа, вклученоста на родителите. |

| | |
|---|---|
| | 84% од наставниците ја поддржуваат училишната политика, но сепак сметаат дека секогаш може и повеќе од она што се работи.<br>**На прашањето „**Што би сакале да се смени во училиштето?" наставниците дале предлози да се организира двосменска настава за сите ученици подеднакво и да се воведе соларен систем за топла вода, како и да се набават нагледни средства за реализирање на наставата од I до V одделение. |
| ***Прашалник за ученици*** | Со прашалникот за ученици беа анкетирани вкупно 12 ученици.<br>Н апрашањето„ ***Ве почитуваат ли наставниците?*** " сите анкетирани 100% дале позитивен одговор ДА.<br>На тврдењето „***Се дружам со другарчињата од друга етничка припадност***" 58% од учениците одговориле ДА, 16% ДЕЛУМНО и 16% НЕ.<br>На прашањето: „***Дали соработуваш со ученици кои имаат послаб успех од тебе?***" 84% од учениците дале позитивен одговор дека соработуваат, а 8% од учениците одговориле дека делумно соработуваат и 8% дека не соработуваат.<br>На тврдењето „***Ако имаш потреба бараш и добиваш помош од стручната служба во училиштето***" 75% од учениците одговориле со да, 8% со делумно и 17% со не.<br>На прашањето „***Дали наставниците користат нагледни средства во наставата за полесно усвојување на наставното градиво?***" најмногу 67% одговорилесо да, 7% не и25% одговориле со делумно.<br>100% од учениците се чувствуваат безбедно во училиште.<br>67% од учениците ги користат книгите со кои располага училишната библиотека, 25% делумно и 8% не ги користат книгите од училишната библиотека.<br>42% од учениците комуницираат со ученикот/ученичката со посебни образовни потреби и му помагаат во усвојување на наставните содржини.<br><br>Од анкетата може да се заклучи дека учениците учат во безбедна средина, задоволни се од третманот на наставниците кон нивинивната стручност, постои соработка и имаат изградена взаемна доверба со сите структури во училиштето. |
| ***Прашалник за членови на училишниот одбор*** | Со прашалникот за членовите на Училишниот одбор беа опфатени сите 9 члена.<br>На прашањето „***Дали сте запознаени со деловникот за работа на Училишниот одбор?***" 87,77% одговориле со ДА, а 12,23% одговориле со ДЕЛУМНО.<br>На прашањата: „***Сметате ли дека Вашата работа е транспарентна?***" - „***Имате ли посетувано обука за член на Училишен одбор?***"; „ ***Дали мислите дека постои партнерски однос помеѓу Училишниот одбор и директорот?***"; „***Како член дали редовно присуствувате на состаноците на Училишниот одбор?***" сите анкетирани 100% дале позитивен одговор ДА.<br>Одовде може да се заклучи дека членовите на Училишниот одбор се запознаени и информирани во врска со работата, постои успешна соработка со раководниот орган, нивната работа е транспарентна. |

| | |
|---|---|
| ***Интервју со*** <br> **Саша Мицевска** <br> ***Директор*** | Директорката беше интервјуирана по прашањето за развојното планирање: <br> Во врска со приоритетите при вршењето на раководната и менаџерска функција директорката истакна дека преферира да иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците, осовременување на наставната технологија, создавање креативна средина за настава и учење, следење на развојниот план, вклучување на наставниците и стручните соработници во развојните политики и промовирање добри училишни практики. <br> НапрашањетозасоработкадиректоркатаистакнадекапостоиисенастојувавоконтинуитетостварувањеплодnасоработкасородителитеиСоветотнародители, БРО, МОН, градоначалникотилокалнатасамоуправапринашатаопштинаидр.институции. <br> ,,Успешно и продуктивно остварувам контакти, партнерства и соработка со локалната средина, општината, невладини организации како и други институции и поединци поврзани со училиштето и неговото успешно работење и опстојување. Ја градам визијата за развој на училиштето токму преку соработката со наставниците, учениците, родителите, локалната средина, МОН и БРО бидејќи заедништвото е гаранција за успех и создавање на модерно училиште каде ќе се развиваат, креираат и творат нашите деца и каде меѓу нив ќе се откриваат талентите од најразлични области преку финансиска поддршка од општината во подобрување на инфраструктурата во училиштрето, реализација на проекти, предавања од безбедноста и заштитата на здравјето на учениците, учество на манифестации од културен и еколошки аспект,учество на учениците во ликовни и литературни конкурси, хуманитарни и еколошки акции организирани од Локалната заедници и Невладините организации и институции во градот.Перманентно ги следам сите законски промени во доменот на образованието и ги почитувам сите укажувања од Просветниот инспекторат, Бирото за развој и секоторот за основно образование при МОН.“ <br><br> Сотоаучилиштетосестремиконмотото на нашето училиште кое гласи: ***„Да им го дадеме најдоброто на децата, тие го заслужуваат тоа “.*** Нашето училиште има слух за детските потреби и секое дете може слободно да го каже својот став и мислење. <br> Сегогаш се трудиме да го применуваме современото учење за учениците и да создадеме позитивни кругови за работа во училиштето. |

***Резултати:***

***Јаки страни:***

- Раководењето/менаџирањето и управувањето во училиштето се на високо ниво**.**
- Поголем дел од наставниците посетувале обука за примена на современи форми и методи во наставата, како и современи стратегии за учење**.**
- Се следи напредокот на учениците со потешкотии во учењето.
- Наставниците подеднакво ги стимулираат учениците независно од полот и различните стилови на учење.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца преку: родителските средби, е-дневник и пишани информации.
- Учениците се оценуваат јавно и објективно.
- Училиштето има пишан кодекс на однесување на учениците, наставниците и на родителите.
- Училиштето се грижи од аспект на хумана и социјална помош на загрозените ученици.
- Воспоставена хармонија во меѓучовечките односи.
- Воспоставена добра соработка со родителите.
- Давање на соодветна помош на учениците и упатување во насока на совладување на тешкотиите во наставата.
- Училиштето применува правилник за прогласување на Првенец на генерацијата (VI, VII, VIII и IX одделение) и Достоинство на генерацијата, како и Најдобар наставник на годината.
- ИКТ технологијата се користи во наставниот процес.
- Училиштето располага со голем број на правилници и кодекси кои ги уредуваат односите на учениците, наставниците, родителите и соработниците.
- Целосно е обновена фасадата на училиштето.
- Подобрени се условите за работа во спортската сала со целосно реконструирање на истата и замена на прозорците.
- Зголемена е безбедноста за движење по скалите во училиштето со поставување на високи огради.
- Направена е целосна реконструкција на кровот на училиштето со високо квалитетна изолација.
- Реконструиран е поголемиот дел од тоалетите во училиштето.
- Сменета е електричната инсталација во училниците и подобрено е осветлувањето на училниците.
- Има програм-база на податоци за електронско водење на библиотечната евиденција во училишната библиотека.
- Локална самоуправа ги наградува успешните ученици.
- Опремена е трпезарија за учениците кои посетуваат продолжен престој.

***Слабости:***

- Потребна е обнова на ИКТ опремата, поради дотраеност на истата.
- Вертикална соработка на стручните активи (одделенска настава – предметна настава).
- Соработка со средните училишта во насока на повратна информација за постигањата на учениците.
- Недоволно материјални средства за поддршка на учениците за нивните постигања.
- Недостаток на подготвеност и волја за соработка од страна на родителите.
- Воведување двосменско работење за сите ученици подеднакво.
- Опремување на просторија за реализација на современа иновативна настава – Медиотека.
- Потребна е реконструкција на ПУ во с. Долно Ѓуѓанце.

***Идни активности од ова подрачје кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето:***

- Опремување на просторија за реализација на современа иновативна настава – Медиотека.
- Подобрување на условите за работа во подрачното училиште.
- Реконструкција на тоалетите во централното училиште.

***Анализа на резултатите:***

Според Законот за основно образование, орган за управување на училиштето е Училишниот одбор и е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Состаноците се свикуваат со доставување лични покани, предлог дневен ред и предлог - одлуки до членовите на УО. Седниците се одржуваат и полноправно се одлучува доколку е обезбеден законски утврдениот кворум за работа. Раководниот орган има јасна визија за потребите на училиштето и истото го спроведува со добро разработена стратегија каде што делува и ги опфаќа сите страни од животот на училиштето.

Раководниот орган има изградено професионален однос кон работата и способност да раководи со вработените ефективно, да комуницира и да ги задолжува со ефективни работни задачи што се заснова врз најнови знаења и вештини и придонесува за успешно совладување на промените во образовниот процес. Раководниот тим меѓусебно и со другите вработени соработува во размена на идеи и разрешување на проблемите.

Раководниот орган дава целосна поддршка на реализација на Планот на активностите (разубавување на училишниот простор со цвеќе, рекреативни трки, кампања за здрава храна, собирни акции на хартија и пластика и др.. Други структури во училиштето се: Наставнички совет, Совети на предметни и одделенски наставници,Активи на наставници, Совет на родители, Комисии, Ученичка заедница и др. Односот на раководниот тим кон овие структури е добар. Информациите и одлуките, зависно од карактерот, се соопштуваат транспарентно на формални

средби, огласни табли и сл.Училишната политика е јасно креирана со документите за работа во Училиштето- Годишната програма, Развојниот план, Статутот на училиштето. Јасноста на целите на училишната политика се гледа и во јасната и концизна Мисија и Визија на училиштето која транспарентно е поставена во училиштето.Во реализација на целите училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадар, наставници, ученици, локална самоуправа и др.).

Целите на училиштето се во согласност со целите за реализација на Планот за активности од еколошката програма со која се запознати членовите на Еко одборот и сите вработени.

Училишната политика се планира преку Развојниот план на училишето кој се донесува на секоја четврта година. Во изготвување на Развојниот план учествува директорот на училиштето, помошник директорот, работниот тим за изработка на Развојниот план. Планот се усвојува од Наставничкиот совет и Училишен одбор.

Развојното планирање е фундамент во определбата на целите и задачите на Годишната програма за работа на училиштето. Согласно Законот за основно образование се врши периодично планирање врз основа на резултатите од самоевалуацијата. Податоците се релевантен показател и преку нивна систематизација и проценка се врши одредување на приоритетите.Собирањето на податоците се врши преку систематизирање на емпириски показатели, но и субјективни мислења искажани преку анкетни прашалници, конципирани според структурата на проблематиката.

Целиот воспитно-образовен кадар во училиштето учествува на сите обуки за професионално напредување што се организирани од МОН, БРО и од други организации. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува во зависност од финансиските средства. Училиштето обезбедува средства за одржување на наставните средства.

Училиштето ќе продолжи да вложува во осовременување на наставата и збогатување со нагледни наставни средства и помагала.

Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата. Училиштето има воспоставено соработка со Локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрување на инфраструктурата.

Училиштето применува различни форми и активности за обезбедување, грижа, благосостојба и заштита на машките и женските деца вклучувајќи ги и оние со посебни образовни потреби преку непосреден разговор со нив и нивните родители, преку соработка со службата за социјални грижи и други асоцијации како и со вклучување на учениците во слободните ученички активности.

Преку секојденвната работа за време на наставата, непосредните контакти со учениците, систематските прегледи и разговор со родителите училиштето ги открива учениците со физички, ментални, здравствени или емоционални проблеми и во соработка со релевантните институции пристапува кон преземање соодвени мерки за прилагодување на учениците и решавање на настанатите потешкотии.

Односите меѓу учениците, наставниците и родителите се градат на взаемно почитување и доверба.

Постои добра информираност за професионалната ориентација на учениците.

Евиденцијата за редовноста, поведението и развојот на учениците уредно се води во одделенските и главните книги, евидентните листови и истата им е достапна на родителите.

# 5. Комуникациски односи со јавноста

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 5.1 | ***Промовирање на постигањата*** | ➢ Промовирање на личните постигања на учениците<br>➢ Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| 5.2 | ***Наставни планови и програми*** | ➢ Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми |
| 5.3 | ***Воннаставни активности*** | ➢ Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |

<table>
<tr><td colspan="2">5.1Промовирање на постигањата</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td>➢ Промовирање на личните постигања на учениците<br>➢ Промовирање на постигањата во име на училиштето</td></tr>
<tr><td>Извори на податоците:</td><td>Согледувања:</td></tr>
<tr><td>➢ Годишна програма за работа на училиштето<br>➢ пофалби, награди, благодарници, дипломи<br>➢ електронски дневник<br>➢ Критериуми за избор на првенец на генерација<br>➢ Медиумско промовирање на постигањата на учениците<br>➢ Годишен извештај за работа на училиштето<br>➢ Веб – страна на училиштето<br>➢ Медиум – локална телевизија</td><td>Во училиштето се презема активност за да ги промовира постигањата на учениците. Се прави план за евалуација, во него се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активностите во кој се следи успешноста на реализирање на поставените цели.<br><br>Успешното оценување на ниво на училиштето е преку посетување на семинари за формативно, сумативно оценување, описно и комбинирано оценување.<br><br>Сите наставници на ниво на активи изготвуваат критериуми за оценување по нивоа и ги приложуваат во рамките на нивните годишни планирања. Наставничкиот кадар ја организира средината за учење и очекува солидни постапки, редовност и дисциплина на учениците.<br><br>Учествувањата и постигањата, успесите во натпреварите на учениците е како резултат на залагањата на наставниот кадар. Училиштето ги наградува учениците кои постигнуваат успех преку кои се промовира училиштето.<br><br>Училиштето избира првенец и достоинства на генерацијата според однапред утврдени критериуми и правила на бодување, каде се вреднуваат континуираниот одличен успех, учествата и наградите на училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и конкурси.<br><br>Училиштето има веб-страница и свој блог преку кој ги промовира постигањата на учениците.<br><br>Училиштето има медиумска покриеност за промовирање на своите активности преку локалната телевизија.<br><br>Постигањата на учениците се внесени во годишниот извештај за работа на училиштето.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">5.2Наставни планови и програми</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td>➢ Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми</td></tr>
<tr><td>Извори на податоците:</td><td>Согледувања:</td></tr>
<tr><td>➢ Наставни планови и програми донесени од МОН<br>➢ Годишно- тематски планирања на наставниците<br>➢ Интегрирани планирања на наставниците<br>➢ Годишни планирања за работа на активите и слободните активности<br>➢ Годишна програма за работа на училиштето<br>➢ Нормативни акти на училиштето<br>➢ Педагошка евиденција и документација<br>➢ Електронски дневник<br>➢ Анкета со ученици и родители<br>➢ Веб – страна на училиштето</td><td>Во училиштето се работи според наставните планови и програми одобрени од МОН и настојува во целосна реализација на планираните содржини по секој наставен предмет.<br>Со почетокот на учебната година на ниво на актив наставниците изработуваат тематски планирања за секој наставен предмет, слободните активности, интегрирана настава, работата на активите, ученичките заедници и истите ги приложуваат до педагошката служба во училиштето.<br>При нивната изработка се земаат предвид индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош, мислење, сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија, афинитет, моќ, влијание и углед, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност.<br>На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со содржината на наставниот план и програма за тековната учебна година.<br>Од спроведената анкета за родители 75 % од родителите во потполност се согласуваат дека наставниците ги запознаваат учениците со содржината на наставниот план и програма, 24 % од родителите се изјасниле дека наставниците делумно ги запознаваат учениците со наставниот план и програма на почетокот на учебната година. Се спроведуваат анкети за учениците и родителите за избор на предмети според наставниот план и програма. Од спроведената анкета на ова прашање, 65 % од родителите во потполност се согласуваат дека се спроведуваат анкети за избор на предмети, 32 % од родителите делумно се согласуваат, а 3 % од родителите не се согласуваат дека се спроведуваат анкети за избор на предмети според наставниот план и програма.<br>Училиштето нуди можност родителите да се запознаат со содржините и воспитно образовните цели кои ќе се реализираат. Од спроведената анкета 70 % од родителите во потполност сметаат дека училиштето нуди можност да се запознаат со целите, а 30 % се изјасниле дека училиштето делумно нуди можност за запознавање со воспитно образовните цели кои ќе се реализираат.<br>Информирањето на родителите за наставните планови и програми се врши на родителски средби, преку електронски дневник, преку истакнување на брошура на училиштето, преку веб страна на училиштето, преку веб страна на МОН и БРО.</td></tr>
</table>

| **5.3*Воннаставни активности*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ➢ Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Педагошка евиденција и документација<br>➢ Програма за работа на секциите<br>➢ Програма за слободни ученички активности<br>➢ Извештај за работата на секциите<br>➢ Годишна програма за работа на училиштето<br>➢ Електронски дневник<br>➢ Пофалници, дипломи, сертификати, благодарници<br>➢ Анкета со родители и наставници | Училиштето планира и ги реализира воннаставни активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците. 70 % од анкетираните наставници се изјасниле дека во потполност училиштето планира и реализира воннаставни активности, 30% од наставниците сметаат дека делумно се планираат и реализираат воннаставни активности.<br><br>Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставнна активност во зависност од нивните желби и можности не исклучувајќи ги притоа учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус и учениците со посебни потреби. Од спроведената анкета 84 % од наставниците се согласуваат во потполност со вклучувањето на сите ученици во воннаставните активности, а 16 % делумно се согласуваат дека сите ученици се вклучени во воннаставните активности.<br><br>Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и според нивните интереси и афинитети се изготвуваат планирања.<br><br>60 % од анкетираните наставници сметаат дека во потполност се вклучени учениците во воннаставните активности по сопствен избор, а 40 % сметаат дека учениците делумно се вклучени во воннаставните активности по сопствен избор.<br><br>Во нашето училиште во согласност со желбите и условите за работа се реализираат следните слободни ученички активности: литературно - рецитаторска секција, драмска секција, новинарска секција, ликовна секција, еколошка секција, природните и општествени секции, секции за странски јазици и фолклорно - ритмичка секција.<br><br>Учеството на учениците во воннаставните активности овозможува поттикнување и негување на нивната љубопитност, сознајните способности, креативноста, развивање на натпреварувачкиот дух, почитување на мислењата и ставовите на другите. |

| | |
|---|---|
| | Учениците се стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации и со поддршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво и постигнуваат високи резултати. Од спроведената анкета за наставници 87% од наставниците во потполност се согласуваат дека учениците се стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации, а 13 % од анкетираните наставници сметаат дека учениците делумно се стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации.<br><br>Воннаставните активностиучилиштетоги афирмира преку: катче на најуспешните, приредби, работилници, локални медиуми, веб-страна и блогот на училиштето. Од спроведената анкета 74% од наставниците во потполност се согласуваат дека училиштето ги афирмира преку: катче на најуспешните приредби, работилници, локални медиуми, веб-страна и блогот на училиштето спроведените воннаставни активности. 26% делумно се согласуваат дека училиштето ги афирмира преку: катче на најуспешните приредби, работилници, локални медиуми, веб-страна и блогот на училиштето спроведените воннаставни активности. |

***Резултати:***

***Јаки страни***

- Училиштето во целост ги промовира постигањата на учениците;
- Постои медиумска покриеност и електронска поврзаност за позначајните настани за информирање на јавноста во име на училиштето;
- Учениците и родителите навремено се информирани за наставните планови и програми според кои ќе се реализира наставата во училиштето;
- Во училиштето постојат и успешно работаат повеќе слободни ученички активности;
- Постои соработка со родителите и локалната заедница за успешно реализирање на повеќе воннаставни активности;

***Слабости***

- Вклученост на родителите во презентацијата на училиштето пред локалната самоуправа.

***Анализа на резултатите:***

Нашето училиште успешно остварува комуникација со родителите и јавноста. Локалната телевизија редовно ги следи и емитува активностите кои се реализираат во училиштето со што се овозможува медиумска покриеност. Веб – страницита и блогот на училиштето исто така овозможуваат и електронска поврзаност за информирање на пошироката јавност во име на училиштето.

Во нашето училиште успешно се реализираат наставните планови и програми одобрени од МОН со одредени прилагодувања на индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализација на истите.

Сите видови на настава: задолжителна, изборна и слободните ученички активности се внимателно планирани и реализирани што им дава можност на учениците активно да се вклучат во нивна реализација без разлика на полот, етничката припадност и разликите во способностите.

Сите постигнувања, трудови и изработки на учениците од вонаставните активности училиштето ги афирмира преку изложби во просториите на училиштето и нивно промовирање надвор од училиштето.

Соработката на училиштето со локалната средина се реализира преку активно вклучување на училиштето во средината и нејзино информирање за постигнатите резултати.

***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

- Вклученост на родителите во презентацијата на училиштето пред локалната самоуправа.

# 6. Училишна клима и култура

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 6.1 | ***Училишна клима и односи во училиштето*** | ➢ Углед/имиџ на училиштето<br>➢ Кодекс на однесување<br>➢ Училишна клима<br>➢ Поведение и дисциплина во училиштето<br>➢ Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| 6.2 | ***Еднаквост и правичност*** | ➢ Познавање на правата на децата<br>➢ Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>➢ Прифаќање и промовирање на мултикултуризмот |

<table>
<tr><td colspan="2">6.1Училишна клима и односи во училиштето</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td>➢ Углед/имиџ на училиштето<br>➢ Кодекс на однесување<br>➢ Училипшна клима<br>➢ Поведение и дисциплина во училиштето<br>➢ Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки</td></tr>
<tr><td>Извори на податоците:</td><td>Согледувања:</td></tr>
<tr><td>➢ Кодекс на однесување,<br>➢ Полугодишен и годишен извештај за работа на училиптето<br>➢ Дневници на паралеки<br>➢ Педагошка евиденција за изречените педагошки мерки,<br>➢ Годишна програма за работа на училиштето<br><br>➢ Забелешки за реалзиирани содржини во дневниците на паралелка<br>➢ Записник од извршена</td><td>ООУ„Кирил и Методиј “ во соработка со другите субјекти во процесот на образование и воспитание на учениците одговорно ја извршува својата мисија и котинуирано ги насочува и реализира активностите за остварување на својата визија со што е препознатливо по високиот квалитет на работа, при што како краен продукт од ова се високите постигања на учениците во најразлични области и високиот рејтинг на училиштето.Сите учесници во образовниот процес: ученици,родители , наставници,стручна служба, силно се идентификуваат со училиштето и посветено се грижат за неговиот углед.<br><br>Наставниците во нашето училиште професионално, квалитетно и амбициозно ја извршуваат својата воспитно образовна дејност Ваквиот начин на работа придонесува да се постигнат високи образовни резултати во областа на наставните и воннаставните активности и истото станува средина каде секој се чувствува пријатно.<br><br>Здравјето, безбедноста и секако чуството на еднаквост и припадност се еден од приоритетите на училиштето, а на овие работи треба да се додадат и негувањето на родовата и половата сензитивност како и негување на мултикултурализмот.Воедно, училиштето ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.<br><br>Во училиштето постои и се почитува Правилник (Кодекс на однесување). Во него се содржани принципи, правила и обврски на однесување на сите структури во училиштето. Кодексот е изработен од претставници од сите структури и при неговото усвојување е спроведена демократска процедура.Кодексот е поставен на видни места во училиштето (хол, ходници, канцеларија). Училиштето има процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување кои се пропишани со кодексот и сите процедури редовно се спроведуваат во пракса.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| интегрална евалуација<br><br>➢ Статут на училиштето,<br><br>➢ Годишен извештај на училиптето<br><br>➢ Интервју со педагошко-психолошката служба<br>➢ Евиденција од записници на педагошко-психолошката служба<br>➢ Извештаи на наставниците<br>➢ Дневници на паралеките<br>➢ Записникод стучната служба<br>➢ Годишен извештај на училиптето<br>➢ Правилник за изрекување на педагошки мерки за учениците<br><br>➢ Извештаи на наставниците<br><br>➢ Записници од одржани средби на Одделенаската заедница | Во училиштето постојат изградени односи на соработка, почитување и рамноправност помеѓу сите структури кои се вклучени во училишниот живот. Наставниците професионално ги извршуваат своите задачи и имаат поддршка од директорот и стручната служба како и учениците и нивните родители, во сите сфери на воспитно-образовното делување. Училиштето подеднакво се грижи за сите ученици независно од нивниот пол, етничка и верска припадност, социо-економски и емоционален развој. Раководниот и наставен кадар има важна улога во добрата атмосфера во училиштето Наставниците взаемно соработуваат и се почитуваат помеѓу себе и на ниво на стручни активи. Во текот на годината за подобро запознавање помеѓу самите наставници како и дружење и забава се организираат разни прослави и свечености: Нова година, прослава по повод 8ми Март, патрониот празник на училиштето 24ви Мај, Св„Кирил и Методиј„- Денот на Сесловенските Просветители.<br>Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. Сите вработени ги упатуваат своите ученици на грижа за училиштето како и едни за други. Наставниците настојуваат сите ученици без разлика на вера, род,етничка припадност, потекло, способности да се чуствуваат прифатени и среќни во училиштето .<br>Училиштето се грижа и за учениците со различни способности или со различни пречки во развојот. . Овие ученици се вклучени во редовните паралелки и добиваат помош од образовен асистент, од ,наставниците и соучениците низ заедничка тимска работа со што се придонесува овие ученици полесно да се вклопат во средината, а останатите се учат на емпатија и помагање .<br>Дисциплината во училиштето е на задоволително ниво. На часовите има работна дисциплина, а за време на одморите се спроведува дежурства на наставници со што се контролира движењето на учениците, а со тоа се подобрува и безбедноста..<br>Најмалите ученици се примаат при доаѓање и се испраќаат по завршувањето на часовите.<br>При обиди за нарушување на дисциолината на часот или на одморите, регираат авторитетно наставникот, одделенскиот раководител, а по потреба и директорот и стручната служба па во зависност од престапот се постапува според Правилник за изрекување педагошки мерки.<br>Од извршеното интервју со тручната служба констатиравме дека бројот на изречени педагошки мерки во учебната 2016-2017 е 1 педагошка мерка на ученик во шесто одделение и 2 педагошки мерки се изречени на двајца ученици во деветто одделение . Во учебната 2017-2018 год бројот на изречени педагошки мерки е : 1 педагошка мерка , а во 2018 -2019 има изречено три пеадагошки мерки и тоа на машки ученици .<br>Во однос на поведението во учебната 2016- 2017 год, 4 ученици се со незадоволително поведение и тоа две момчиња и две девојчиња . Во 2017 -2018 год, со добро поведение се двајца ученици :1момче и 1 девојче додека со незадоволително поведение е еден ученик. Во учебната 2018- 2019 говина со |

| | |
|---|---|
| <br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>➢ Правилник за избор на првенец на генерациајта и гордости на генерацијата<br>➢ Записници од состаноци на Ученичка заедница<br>➢ Евиденција во дневниците на паралеките<br>➢ Годишен извештахј за работа на училиштето<br>➢ Слики, фотографии,веб страна на училиштето | незадоволителн оповеденеи се тројца ученици и тоа момчиња .Со тоа констатираме дека нема некоја забележителна разлика во однос на намаленото поведение и изречените педагошки мерки на учениците.<br><br>Училиштето преку тематски часови на часовите за одделенска заедница реализира содржини за спречување на насилство во училиште и разрешување на конфликти. Училиштето е отворено за соработка со надворешнилица од локалната заедница и често остварува соработка со институции од истата ,Црвен Крст , МВР ,Здравен дом и организира трибини и работилници за спречување на насилство од секаков вид. За учениците се организираат предавања од страна на полициски службеници и им се прикажуваат филмови за трговија со луѓе движење и однесување во сообраќајот, насилство идр..Преку тие соработки училиштето има за цел да ја подигне свеста на учениците и да развива меѓусебно почитување и толеранција .<br><br>Од извршеното интервју со стручната служба констатиравме дека учениците многу ретко самоиницијативно се обраќаат за помош во стручната служба и тоа воглавно се женските ученици. На прашањето каква помош најмногу бараат: училишниот социолог одговори дека тоа е за разрешување на меѓуврснички конфликти , вербални навреди и закани , а помалку физичко насилство девојчињата повеќе се обраќаат отлолку момчоњата. Стручната служба соработката со одделнските раководители другите наставници во однос на решавање на проблеми од социјална природа ја оценува на високо ниво. Службта констатира дека многу често и наставниците се обраќаат во службата за за надминување на проблеми со дисциплинат на ученицте на часовите и за време на одморите.<br><br>Од интервјито констатиравме дека училиштето нуди можност учениците да ги изнесат евентуалните проблеми и недоразбирања поврзани со наставниците преку сандаче за поплаки , анкети спроведени од стручната служба , на состаноци на одделенските заедници и преку разговори со одделенски раководители,анонимни писма идр.<br><br>Службата се изјасни дека постои подобрување и надминување на проблемите после превзементе заеднички разговори.<br><br>Во службата нема доставено поплаки од старна на вработените кои се однесуваат на притисок и закани од страна на раководниот орган.<br><br>Во училиштето постои Правилник за избор на првенец на генерациајта и гордости на генерацијата , а воедно се прогласува и најдобар ученик на денот на Патронот на градот Св.Никола, оргазнизиран од |

| | |
|---|---|
| | Локалната самоуправа.<br><br>Училиштето редовно спроведува училишни натпревари и наставниците ментори ги поддржуваат своите ученици на општинскките , регионалните и државните натпревари ,како и на меѓународни натпревари . На овие натпревари учениците имаат освојувано многу награди, дипломи за освоени места, пофалници, Сите постигања на учениците се јавно објавувани на страната на училиштето , паното кое се изложува за време на патронатот на училиштето како и на самата свечена приредба по повод патрониот празник на училиштето, 24 Мај.<br><br>Во училиштето и самите ученици имаат можност да партиципираат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Оваа активност учениците ја реализираат преку состаноците на Детската организација и Ученичката заедница како и на часовите на Одделенска заедница, преку изучување на наставните содржини од Животни вештини .Учениците активно партиципираат во хуманитарни акции учествува во активностите за: прием на првачиња, Новогодишна приредба, , активности по повод Денот на жената ,Априлијада ,приредба по повод Денот на словенските просветители, на влезот во училиштето и други активности. . Учениците учествуваат во разгледување на маршутите за училишните екскурзии.<br><br>Училиштето е отворено за соработка со надворешни лица во организирање на разни работилници, продажни манифестации,отворени часови, презентации, приредби и спортски настани. Во училиштето се одржуваат трибини и предавања од страна на стручни лица, лекари, активисти на Црвениот крст и сл. . Особено се обрнува внимание на борбата против зависностите како дрога, алкохол, никотин и др. Со континуирано организирање на трибина за учениците од осмо одделение ,а подготвена од ученици од деветто оддление , доктор и претстваник од МВР . Училиштето спроведува и различни Еко-проекти кои овозможуваат поголема грижа за хигиената и грижа за околината. Училиштето не е вклучено во меѓународни проекти .<br><br>Училиштето соработува со советници од БРО, колеги од други училишта, родители, членови на месната заедница, локалната самоуправа, просветни инспектори, уметниции остварува соработка со волонтери од Мировниот корпус помагајќи им на новите волонтери во менторска поддршка за органзација и реализација на наставен час. |

| **6.2*Еднаквост и правичност*** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ➢ Познавање на правата на децата<br>➢ Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>➢ Прифаќање и промовирање на мултикултуризмот |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Педагошка евиденција и документација во однос на вклученост на учениците во воннаставни активности;<br>➢ Годишен извештај на училиштето и забелешки во дневниците на паралелките<br><br>➢ Извештаи на наставниците ;<br>➢ Прашалници за ученици и родители;<br>➢ Дневник за работа на стручната служба<br><br>Тематски часови на часовите за одделенска заедница во дневник на паралеката<br>➢ Записник од тимот за МИО проект<br>➢ Годишни и темтаски планирања на наставниците<br>Разговор и интервју со педагошко-психолошка служба<br><br>➢ | Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и се грижат истите да не бидат повредени.Училиштето е спремно да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права .<br><br>На одделенските часови и преку состаноците на Детската организација и Училишната заедница како и по предметот Граѓанско образование и учениците се информираат за своите права, но и обврските кои тие права со себе ги носат. На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои постојано се бара соработка и им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски За време на Детската недела училиштето организира работилници со учениците на кои учениците имаат можност преку цртеж да ги искажат и претстават детските права. Со учениците од одделенска настава се спроведува дефиле низ градот со што пошироката јавност се запознава со правата на децата.<br><br>Сите ученици без разлика на возраста, полот, социјалниот статус уживаат еднакви права. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни потрби кои се активно вклучени во наставата.<br><br>Наставниците максимално ги користат содржините од наставните програми за да на суптилен начин ги промовираат еднаквоста и правичноста како вредности кон кои треба да се стремат учениците. Реализацијата на овие содржини овозможува наставниците да посветат поголемо внимание на воспитниот дел од наставата. Во воннаставните активности подеднакво се вклучуваат ученици од сите етнички структури. Стручната служба преку реализација на своите програмски активности придонесува учениците да учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br><br>Училиштето води политика на позитивно вреднување на етничката, културната и верската |

| | |
|---|---|
| | разноликост и преку предметите граѓанско образование, изборните предмети запознавање со религиите и класична култура на европската цивилизација и особено етика и часовите на одделенска заедница кои се реализираат и во одделенска и во предметна настава. Во училиштето сите вработени се Македонци и мал е бројот на ученици кои се декларират како други етнички заедници , но сепак училиштето е вклучено и во проектот МИО па преку реализација на содржини на оддленските часови се труди да ги поттикне младите на сензибилизација на другите култури. За жал училиштето нема партнер училиште од друга етничка група и не е во можност во целост да реалиизра заеднички активности со кои ќе се придонесе да се развие толеранциајта и почитувањето на етничката ,културната и религиозната разноликост. Учениците немаат можност преку лични средби и учество на заеднички активности да бидат директни учесници во мултикултурни работилници. Мултикултурализмот е застапен и во самите програми по одредени наставни предмети посебно на часовите по странски јазик како и при реализација на наставно-научни екскурзии со посета на знаменитости од различни религии , цркви, џамии , манастири . |

| ***Собирање на податоци ( II) кои други методи се користени за собирање на податоци? ( пр. прашалници, анкети, набљудувања, разговор, интервју и сл.)*** | | |
|---|---|---|
| Други методи кои се користени за собирање податоци | Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Кои информации се собрани ? |
| ***Анкета со родители*** | ТИМ за СЕУ | Од спроведената анкета од вкупно 150 анкетирани родители 98% се изјасниле дека на нивното дете му се допаѓа училиштето.100% од анкетираните одговориле дека се запознаени со Кодексот на однесување и Куќниот ред на училиштето. На прашањето како го оценуваат односот наставник-ученик 50% одговориле :одличен, 30% добар и 20% многу добар.Односот пак наставник –родител родителите го оцениле со 68% одличен ,30% со добар и 12% со многу добар.<br>98% од испитаниците се изјасниле дека нивното дете во училиште не е психички и физички вознемирувано од страна на натавниците, а 2% одговориле потврдно. На прашањето Каде најчесто се обраќаат за проблемите од емоционална и социјална природа? 60% одговориле кај одделенскиот раководител а 40 % кај стручнтата служба.<br>100% од испитаниците се задоволни од соработката со наставниците во училиштето и 90% сметаат дека наставниците се секогаш достапни за разговор на отворените денови за родителите , додека 10% одговориле дека понекогаш се достапни. На прашањето Колку често ги посетуваат отворените денови? 68% одговориле со понекогаш , а 32 со секогаш. 97% од родителите се задоволни од организирањето на Родителските средби каде добиваат корисни информации. Родителите понекогаш го користат Е-дневникот и тоа 67% ,23% |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета со наставници** | | никогаш не го користат , а само 10% секогаш.<br>76% од родителите се согласуваат дека наставниците ги почитуваат индивидуалните потреби на ученивите, 24% делумно се согласуват со тоа.<br>На прашањето :,,Што би презеле доколку вашето дете има проблем со дисциплината ? 36% одговориле дека ќе разговараат со оддленскиот раководител , 30 % разговор со ученикот, 22% одговориле со незнам и 18% разговор со наставникот .<br>Во однос на информираноста за проектите кои се реализираат во училиштето 76% се изјасниле дека се информирани, а 24% не се .<br>88% од родителите сметаат дека училиштето нуди правичен третман со сите ученици (момчиња, девојчиња, ученици со посебни потреби и од различна етничка и верска припадност) 88% се изјасниле со се согласувам, 18% делунмно се согласуваат , а 4% не се согласуваат. 79% од испитаниците сметаат дека училиштето подеднакво ги вклучува учениците со послаб успех и постигања во училишните активности , додека 21% одговориле со не. 89% од родителите се согласуват дека училиштето води политика на промовирање на мултикултурализмот додека 10% се делумно согласни , а 1,5 % не се согласуваат со тоа.<br>Во однос на раководењето на училишштето 100% од родителите се изјасниле дека раководниот орган добро управува со него..<br>На прашањето ,,Што најмногу ви се допаѓа во училиштето 33% одговориле се, 25% не одговориле 12 % изгледот на училиштето 15% добриот менаџмент и наставниот кадар.<br>На прашањето: Што не им се допаѓа во училиштето родителите со 42% одговориле стариот инвентар, 38% хигиената, 13% слабата нагледност, 3% условите во училниците ,2% недоволната вклученост на родителите во активностите на училиштето ,1% инклузијата.<br><br>Во анкетата беа вклучени вкупно 11 наставници од одделенска настава и 6 од предметна настава. 90,91% од испитаните наставници се согласуват дека училиштето е препознатливо по својот рејтинг и високи постигања, 9,09% делумно се согласуваат.<br>63% од испитаницте одговориле дека во училиштето се почитуваат правата на однесување кои се пропишани во етичкиот Кодекс и Куќниот ред на училиштето, додека 36% делумно се согласуват.<br>45,45% од наствниците велат дека постои работна атмосфера , добра соработка меѓусебно почитување помеѓу вработените во училиштето.,45,45% делумно се согласуваат , а 9,09% не се согласуват.<br>Натврдењето дека Директоротот има еднаков однос со сите вработени во училиштето 72% се согласуваат , 18,18% делумно се согласуваат и 9,9% не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во однос на оценката за одност помеѓу наставник–ученик 40% одговориле дека задоволува, 33% го оценуваат како многу добар ,12% како добар ,25% одличен.<br>Односот ученик-ученик е оценет како добар од 53%, 20% незадоволителен ,6% многу добар, 21% одличен . Односот пак ученик-наставник според наставниците е оценет : 46% со добар , 26% со задоволува , 22% незадоволува и 6% го оценуваат како одличен.100% од испитаните наставници се чувствуваат безбедно на работното место. 54% од наствниците сметаат дека училиштето редовно информира за одлуките на Училишниот одбор додека 28% делумно се согласуваат , а 18% не се согласуват.<br>90% од испитаниците се изјасниле дека во училиштето се почитува Правилникот за изрекување на педагошки мерки, 9,09% одговориле негативно. Наставниците се задоволни од дисциплината на учениците на часовите 73% , 27% од нив се делумно задоволни од дисциплината на часовите. На прашањето ,,Што прави училиштето да се подобри дисциплината кај учениците ? 18% не одговориле , 82% одговориле: разговара со ученикот и родителот и стручната служба и ги применува педагошките мерки согласно Правилникот за изрекување педагошки мерки. 45% од наставниците се изјасниле дека училиштето нуди можност за партиципација на учениците во донесување на одлуки , 36% делумно се согласуваат , а 19% не се согласуваат .100% од испитаниците се изјасниле дека училиштето ги информира учениците за правата и обврските на децата.99% од наставниците сметаат дека улилиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците преку организирање меѓуврснички соработка ,9,9% делумно се согласуваат.10% од наставниците се согласуваат дека училиштето нуди еднаков третман за сите ученици (момчиња,д евојчиња, ученици од различни етнички заедници , верска припадност и ученици со посебни потреби) 73% од наставниците се согласуват дека училиштето подеднакво ги вклучува и учениците со послаб успех во училишните активности,додека 28% одговориле негативно.На тврдењето дека ,,Училиштето води политика на промовирање на мултикултурализмот и меѓуетничката соработка 64% одговориле дека се согласуват , 36% делумно се согласуваат.100% од испитаните наставници одговориле декасе подготвени да ја почитуваат својата култура и традиција како и културата на другите етнички заедници. 100% од наствниците сметаат дека во училиштето добро се раководи.<br>На прашањето ,,Што најмногу ви се допаѓа во училиштето 54% не одговириле , 46% дале различни одговори од типот ;соработка со колегите во активите , менаџирањето на училиштето и прифаќање нови идеи и активности за унапредување и осовременување за подобро училиште, инклузивната политика што ја води училиштето, тимската работа во училиштето и работната атмосфера на часовите.Организираните дружења на вработените.На |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета со ученици** | | прашањето „Што не им се допаѓа испитаниците одговориле : неклиматизирани простории , немањето технички помагала (печатачи ,копири )<br>Во анкетата беа вклучени 150 ученици од петто до деветто одделение.78% од испитаните ученици се согласуваат дека се чувствуваат пријатно во училиштето, 20% делумно се согласуваат , а 2% не се согласуваат дека се чувствуват пријатно во него. 87% од учениците се осгласуваат дека ги почитуваат принципите и правилата на однесување пропишани во етичкиот Кодекс и Куќниот ред на училиштето.11% делумно ,додека само 1% не ги почитува истите.Односот наставник-ученик , учениците го оценуваат : 28% не одговориле ништо , 28% како одличен , 5% како многу добар , 16% добар и 23% дале различни одговори од типот коректен , задоволува .<br>Односот ученик –ученик 28% не одговориел , 38% одговориле со добар , 5% со многу добар 15% со одличен 3% со незадоволува „ 5% дале друг одговор ,<br>Односот ученик-наставник 28% не одговориле , 28%го оценуваат како одличен , 17% со добар , 14% со многу добар и 12% дале друг одговор.<br>Во однос на безбедноста во училиштето и причини од кои се плашат учениците во училиштето учениците одговориле дека 87% од нив се чувствуваат безбедни во училиште и не се плашат од ништо , додека 2% одговориле дека не се безбедни ,9% не одговориле.Учениците како причини од кои се плашат ги наведуват: од поголемите ученици и од некои ученици..На прашањето дали некогаш биле жртви на насилство ?86% од учениците дале негативен одговор , 12% одговориле позитивно и навеле :5% од физичко насилство 7% од емоционално. Пред се тоа е насилство од страна на посочени ученици од улилиштето.<br>На прашањето „Каде најчесто се обраќаат за проблемите од емоционална и социјална природа? 42% одговориле кај родителот , 29% кај одделенскиот раководител , 18% кај другарот , 5% кај стручната служба , 4% одговориле –никаде ,<br>75% од учениците сметаат дека односто помеѓу учениците со разлилни способности и психофизилки пречки се базира на взаемно почитување , 15% одговориле со негативен одговор и 10% не одговориле..<br>93% од испитаните уеници сметаат дека наставниците ги почитуваат индивидуалните потреби на учениците ,8% делумно се согласуваат.во однос на дисциплината на учениците на часовите испитаните ученици одговриле со 54% се задоволни од истат ,43% делумно се задоволни ,3% не се задоволни.<br>На прашањето „Што прави училиштето за да се подобри дисциплината и поведението на учениците во училиште 34% се изјасниле дека организира советување со родителите ,36% |

| | | |
|---|---|---|
| | | советување со стручна служба , 8% организира трибимни и работилници ,5% изрекува педагошки мерки , 3% сите наведени ,9% не превзема ништо,3% организира спортскиа активности ,2% не одговориле ,62% од испитаните ученици одговориле декасе запознаени соПравилникот за изрекување на педагошки мерки ,36% одговориле со не, 3% не одговориле. На тврдењето декаучилиштето нуди можност за партиципација на учениците во донесување на одлуки и решавање на проблеми 67% се согласуваат со истото , 20%делумно се согаласуваат ,7% не одговориле и 6% не се согласуват .<br>60,49% од анкетираните ученици одговориле дека училиштето ги информира за правата и обрските надецата начасот на одделнска заедница, 25% преку предметите во редовната настава, 10% не одговориле .3,70% на воннаставните активности и 1,23% преку електронските медиуми и др.<br>Училиштето нуди еднаков и правичен третман за сите ученици без разлика на пол и етничка и верска определба 86% се согласуваат со тврдењето , 7,40% делумно се согласуваат , 5% не се согласуват 1, 23 % се без одговор.<br>Учениците сметаат дека учениците со послаб успех и поведение се подеднакво вклучени во училишните активности и тоа 83% , 15% не се согласуваат со тврдењето , 1,23% не одговориле.<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на постигањата на учениците .-73% се согласуваат , 19% делумно се согласуваат 3,70% не се согласуваат , 4,94% се без одговор..96% од учениците се изјасниле дека се подготвени да ја почитуват својата култура и традиција ,како и културата на другите етнички заедници,3,70% не се подготвени.<br>На прашањето кои аспект ги прават горди на своето училиште 23% не дале одговр додека останатите испитаници навеле рзалични одговори :добрите наставници , кои ги почитуваат правата на учениците ,организрианите настани ,приредби , спортски активности каде имаат можност да се дружат и презентираат ,,знаење и добри оценки , , добриот однос наставник-ученик , толеранција и почитување ,учество на натпревари ,освоени награди , трибини , работилници и соработка со Локалната заедница..<br>На прашањето ,,Што би промениле да ја подобрите училишната клима во училиштето 23% одговориле дека се е добро и не би менувале ништо ,додека другите промени се однесуват на инвенатрот , хигиената и нагледноста во училиштето. |

***Резултати:***

***Јаки страни***

- Училиштето има добар рејтинг и имиџ во Локалната заедница и истото е оценето со добра оценка 3 од страна на интегралната евалуација.
- Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него
- Училиштето има Кодекс на однесување и истиот е јавно истакнат и се почитува.
- Во училиштето постои добра училишна клима која се базира на меѓусебно почитување и соработка .
- Учениците со различни способности, пол и етничко потекло взаемно се почитуваат, соработуваат и си помагаат.
- Училиштето успешно ги надминува проблемите поврзани со дисциплината и поведението на учениците и ма изготвено Правилник за изрекување на педагошки мерки
- Училиштето нуди можност учениците да ги изнесат своите пробелми од емоционална и социјална природа
- Улилиптето организира разни активности за развивање емпатија и меѓусебна соработка помеѓу учениците и вработените
- Улилиштето нуди можност на учениците преку работата на Ученичката заедница истите демократски да партиципираат во донесување одлуки.
- Училиштето ги запознваа учениците и родителите со правата на децата и се труди истите да ги почитува.
- Уличиштето обезбедува еднаков и правичен третман на сите ученици и не прави дискриминација по ниту еден основ ( пол, верска и етничка припадност , успех и социјално потекло )
- Училиштето ги промовира постигањата на учениците и ја информира јавноста за истите
- Училиштето промовира мултикултурализам
- Учениците ,родителите и наставниците се чувствуваат безбедно и пријатно во училиштето

***Слабости***

- Односот ученик-ученик не е на задоволително ниво( вербални напади и закани , а во исклучително ретки случаи и физички пресметки помеѓу учениците.
- Учениците многу ретко самоиницијативно се обраќаат кај стручната служба за разрешување на емоционални проблеми
- Родителите сметаат дека недоволно се вклучени во училишните активности
- Училиштето недоволно оргазнизира наставни и трибини за промовирање на мултикултурализам
- Училиштето нема партнер училиште за реалзизација на заеднички активности за потребите на проектот МИО
- Родителите немаат можност да бидат вклучени во активности кои промовираат мултикултурализам и меѓуетничка соработка.
- Училиштето не е вклучено во меѓународни и интеркултурни проекти.

| ***Анализа на резултатите:*** |
|---|
| Сите учесници во образовниот процес: ученици,родители , наставници,стручна служба, силно се идентификуваат со училиштето и посветено се грижат за неговиот углед.Здравјето, безбедноста и секако чувството на еднаквост и припадност се еден од приоритетите на училиштето, а на овие работи треба да се додадат и негувањето на родовата и половата сензитивност како и негување на мултикултурализмот.Воедно, училиштето ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот Во училиштето постојат изградени односи на соработка, почитување и рамноправност помеѓу сите структури кои се вклучени во училишниот живот.<br>Училиштето има обезбедено еднаквост и правичност за сите ученици пропишано со Кодексот на однесување. Односот помеѓу наставниците и односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување пропишано со Кодексот на однесување. Учениците од ист или од различен пол или од различно етничко потекло се однесуваат пријателски, пристојно и меѓусебно се почитуваат. Проблемите кои се присутни во врска со поведението и дисциплината се минимални и резултат на мал број ученици, а училиштето имаизготевномеханнизми за справување со таквите проблеми преку разговори со педагошко-психолошката служба, родителите, наставниците и директорот. Взаемното почитување на сите субјекти во училиштето, редот и дисциплината во училиштето, хигиената, постигање на одлични резултати на регионални и државни натпревари. се работи со кои се гордеат сите, како во училиштето така и надвор од него.<br>***ИДНИ АКТИВНОСТИ-ПРИОРИТЕТИ***<br>➢ Односот ученик-ученик да се подигне на повисоко ниво<br>➢ Преземање иницијатива за стекнување на поголема доверба во стручната служба<br>➢ Поголема вклученост на родителите во училишните активности<br>➢ Изнаоѓање на партнер училиште за протребите на проектот МИО<br>➢ Вклученост на училиштето во меѓународни и интеркултурни проекти |

# 7. Соработка со родителите и локалната средина

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 7.1 | ***Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница*** | ➢ Соработка на училиштето со родителите<br>➢ Соработка со локалната заедница<br>➢ Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |
| 7.2 | ***Известување за напредокот на учениците*** | ➢ Известување на родителите за напредокот на учениците |

| **7.1 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | |
|---|---|
| ***Теми:*** | ➢ Соработка на училиштето со родителите<br>➢ Соработка со локалната заедница<br>➢ Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |
| ***Извори на податоците:*** | ***Согледувања:*** |
| ➢ Извештај на работата во училиштето,<br>➢ Записнинци од совет на родители и родителски средби,<br>➢ Статутот на училиштето,<br>➢ Записници и обуки од состаноци од училишниот одбор | Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца, а на тој начин и во животот на училиштето на разни начини. На родителските состаноци секој септември, на родителите им се презентираат наставните планови за тековното одделение, како и предметните наставници. Им се презентира начинот на реализирање на дополнителна и додатна настава. Планираните активности, екскурзии, посети на институции, како и предвидените проекти кои ќе се реализираат во училиштето се презентираат преку брошура на училиштето изготвена и поделена на присутните родители, при што родителите даваат свои мислења, предлози, понудуваат и изнаоѓаат начини за остварување на некои цели, а доколку се во можност помагаат и финансиски. Согласно со Законот за основно образование во училиштето има формирано тело, Совет на родители во кој членуваат родители , претходно избрани на родителски средби, преку кои се афирмира и збогатува севкупното функционирање на училиштето. Исто така тројца од родителите се членови во највисокиот орган на управување - Училишен одбор. Родителите се вклучени во повеќе важни одлуки кога тоа се однесува на интересот на учениците.<br>Родителите се поттикнуваат да се вклучат во образовниот процес на своите деца и редовно се консултираат за сите проблеми и потешкотии со кои се соочуваат нивните деца. Нуди соработка со родителите во однос на реализирање на работилници по разни поводи: Нова година, 8. Март, Велигден, се организираат спортски активности во кои заеднички учествуваат родители и деца. Сепак, на добар дел од активностите организирани од училиштето, од типот на приредби по разни поводи, на проект-трибини и сл., бројот на присутни родители е мал.<br><br>Училишната соработката со организации и институции од локалната заедница, најчесто ја изведува преку:<br>➢ Континуирана соработка со Здравен дом, Свети Николе, за редовни ситематски прегледи на учениците;<br>➢ Континуирана соработка со Забна амбуланта преку систематски прегледи и едукативни предавања; |

| | |
|---|---|
